# македонски бисери

# makedonski biseri

# **Macedonian Alphabet:** for English Speakers

| *Cyrillic* | *Romanized* | | *Pronounciation* |
|---|---|---|---|
| А а | Aa | - | "a" in the word "**a**rt" |
| Б б | Bb | - | "b" in the word "**b**ook" |
| В в | Vv | - | "v" in the word "**v**olume" |
| Г г | Gg | - | "g" in the word "**g**irl" |
| Д д | Dd | - | "d" like "d" in the word "**d**og" |
| Ѓ ѓ | Ǵǵ | - | "gy" like "g" in the word "**g**irl" and "y" in the word "**y**ellow" |
| Е е | Ee | - | "e" in the word "**e**gg" |
| Ж ж | Žž | - | "j" in the name "**J**aques" or in "Rio de **J**aneiro" |
| З з | Zz | - | "e" in the word "**z**ebra" |
| Ѕ ѕ | Dz dz | - | "ds" in the word "car**ds**" |
| И и | Ii | - | "i" in the word "**i**tch" |
| Ј ј | Jj | - | "y" in the word "**y**ellow" |
| К к | Kk | - | "k" in the word "**k**iss" |
| Л л | Ll | - | "l" in the word "**l**ight" |
| Љ љ | Lj lj | - | "ly" like "l" in the word "**l**ight" and "y" in the word "**y**ellow" |
| М м | Mm | - | "m" in the word "**m**other" |
| Н н | Nn | - | "n" in the word "**n**ow" |
| Њ њ | Nj nj | - | "ny" like "n" in the word "**n**ow" and "y" in the word "**y**ellow" |
| О о | Oo | - | "o" in the word "**o**r" |
| П п | Pp | - | "p" in the word "**p**ower" |
| Р р | Rr | - | rolled **r** |
| С с | Ss | - | "s" in the word "**s**erious" |
| Т т | Tt | - | "t" in the word "**t**op" |
| Ќ ќ | Ḱḱ | - | "ky" like "k" in the word "**k**iss" and "y" in the word "**y**ellow" |
| У у | Uu | - | "oo" in the word "**oo**ps" |
| Ф ф | Ff | - | "f" in the word "**f**un" |
| Х х | Hh | - | "h" in the word "**h**at" |
| Ц ц | Cc | - | "ts" in the word "**ts**ar" |
| Ч ч | Čč | - | "ch" in the word "**ch**arcoal" |
| Џ џ | Dž dž | - | "j" in the word "**j**ump" |
| Ш ш | Šš | - | "sh" in the word "**sh**y" |

# 1. АЈДЕ СЛУШАЈ, СЛУШАЈ КАЛЕШ, БРЕ, АНЃО




Ајде слушај, слушај,
калеш бре Анѓо,
што тамбура свири.
Тамбурата свири,
калеш бре Анѓо,
анама да бидеш.

Анама да бидеш,
калеш бре Анѓо,
на сарај да седиш.
На сарај да седиш,
калеш бре Анѓо,
жолтици да броиш.

Жолтици да броиш,
калеш бре Анѓо,
бисери да нижеш.
Бисери да нижеш,
калеш бре Анѓо,
на грло да редиш.

Ајде, слушај, слушај,
клето бре Турче,
анама не бивам,
анама не бивам,
клето бре Турче,
турски не разбирам.

# 2. НЕ СИ ГО ПРОДАВАЈ КОЉО ЧИФЛИКОТ




Не си го продавај Кољо, «ифликот,
мама не ме дава за тебе. /2
По меани одиш, Кољо, рујно вино пиеш,
дома не си одиш, Кољо, да спиеш.

Колко ти чини, Кољо, трлото,
толку ти чини, Кољо, грлото, /2
По меани одиш, Кољо, рујно вино пиеш,
дома не си одиш, Кољо, да спиеш.

Колку ти чинат, Кољо, меѓите,
толку ми чинат, Кољо, веѓите./2

По меани одиш, Кољо, рујно вино пиеш,
дома рано не си одиш, да спиеш.

# 3. БИЉАНА ПЛАТНО БЕЛЕШЕ




Биљана платно белеше,
на охриските извори. /2
Ми поминале винари,
винари белограѓани.

Винари белограѓани,
кротко терајте карванот.
Да не ми платно згазите,
платното ми е даровно.

Биљано моме убаво,
ако ти платно згазиме,
ако ти платно згазиме,
со вино ќе го платиме.

Не ви го сакам виното,
тук ви го сакам момчето,
што напред оди пред карван,
што турил февче над око.

Момчето ние свршено,
за него вино носиме,
Биљано, моме убаво,
за него вино носиме.

# 4. МОМА СЕДИ НА ПЕНЏЕРИ




Мома седи на пенџери,
аман, аман,
а момчето аман, аман,
под пенџери.

Добро јутро сараф момче,
аман, аман,
ил си сараф, аман,аман,
на парите.

Несум сараф на парите,
аман, аман,
тук сам сараф, аман, аман,
на момите.

# 5. АНЃЕЛЕ ЕДЕН НА МАМА ЏАНАМ




Анѓеле еден на мама џанам
не дигај кула голема.

Не мачи млади ергени џанам
да носат тешки камења.

Не мачи млади невести џанам
да носат песок и цигли.

Не мачи млади девојки џанам
не мачи млади девојки.

Да носат вода студена џанам
водата ние далеку.

# 6. ИЗЛЕЗИ МОМЕ НА ЧАРДАКОТ




Излези моме на чардакот,
да видиш моме оро големо.

На оро, моме, на оро,
млади ергени убави моми.

Везден шетам моме, само гледам
до тебе моме да заиграм.

Срцето ми гори за тебе,
не можам моме без тебе.

# 7. БЛАЗЕ ТЕБЕ МОРИ МИТРО

***Рубато*** ♩= 90




Блазе тебе мори Митро
што татко си имаш,
ајде, што татко си имаш.

Што ти е направил Митро
сред село меана,
ајде, сред село меана.

Точи, точи мори Митро
вино ем ракија,
ајде, вино ем ракија.

Кога ќе се вратам
скапо ѓе ти платам,
ајде, скапо ѓе ти платам.

Све жолти жолтници Митро
на душа носиш,
ајде, јазе да те гледам.

# 8. ВО ЛИВАЃЕ ЛАДЕН ИЗВОР ИМА

***Рубато*** ♩= 80




Во ливаѓе ладен извор има,
крај изворот трева зелена.

Во тревата листе фатив,
во листето писмо напишано.

Во листето ситно напишано
ај се сака се да си се земе.

# 9. ЃУЛ ТРЕНДАФИЛ




Ѓул Трандафил у баште вило развило,
дошло моме аман, аман да го бере
дошло моме аман аман да го бере оф аман.

Кај што брало там заспало, се успало,
дошло момче дилберче да го буди, оф аман,
дошло момче дилберче да го буди.

Стани, стани малој моме, лично моме
либето ти се посврши и ожени, оф аман,
либето ти се посврши и ожени.

# 10. СЛЕГОВ ДОЛУ ВО ИЗБАТА




Слегов долу во избата
там си најдов невестата.

Там си најдов невестата
со главата под бочвата.

Со главата под бочвата
а устето под чепчето.

Што ќе падне на земјата
нека падне во устата.

# 11. ДОСТА, ДОСТА, ЛИЧНО ЛЕ СТОЈНЕ




Доста, доста, лично ле Стојне,
слугинче слугуваш,
слугинче слугуваш ле Стојне
секого двоpуваш.

Не можам, не можам ле лудо,
ништо јас си немам,
сираче сум јас пораснало
без мајка, без татко.

Ајде, ајде лично ле Стојне
бегај ти за мене
бегај ти за мене ле Стојне
ја страдам за тебе.

Ништо не ти сакам бре Стојне
засакај ме од срце,
љубовта е скапа ле Стојне,
најскапа до гроба.

# 12. РУЖИЧЕ БЕЛО И ЦРВЕНО




Не скоривај маме јадови
надеа сум само јадовно

Ружиче бело и црвено
има невеста убава
ама е многу мрзлива.

Деј гиди Страте море будала
што жалиш толку за мене
имаш невеста убава.

Меракот мие моме на тебе
умрев загинав за тебе.

# 13. НАНИ, НАНИ ДИМЧЕ




Нани, нани Димче,
ју шарена лулка,
ју бели пелени.

Димче ќе ми нани,
мама ќе го лула,
Голем да порасне.

Голем да порасне.
Да го јожениме,
Јод Солуна града.

Дуни, дуни ветре,
Тифко јод морето,
Димче да јуспиеш.

# 14. МЛАД ГОЦЕ МЛАДИ ВОЈВОДА




Низ таја гора зелена
кај едно ладно изворче.

Седнал си да си почине
водица да се напие.

Изводил медно кавалче
засвирал Гоце запејал.

Дружина ми го дочула
сета дружина ја собрал.

# 15. ДАВАЈ МЕ МАМО МОРИ ДАВАЈ МЕ




Давај ме мамо мори давај ме
за тоа лудо младо бекријче. /2

Не можам ќерко мори, неможам,
болна е, лудо, младо женето,
пред седум, осум ќерко мори години.

Три деца ќерко мори тој има
четрвто ќерко мори на срце. /2

# 16. ВО НАШЕТО СЕЛО КУЌА ШИМШИРОВА




Тамо се собрале сите млади момци
де дилбер моме редум со момите. /2

Јас си дома чекам либе да ми дојде
де дилбер моме либе ќе дојди. /2

Малку го почекав и го недочекав
де дилбер моме на седенка појдов. /2

Кратко си почукав врата се отвори
де дилбер моме татко да ти видов
де дилбер моме мојто либе тамо.

Колку лесно било моме да се лаже
де дилбер моме самата го видов
де дилбер моме ерген да се љуби.

# 17. ШТО МИ Е МЕРАК ПОЉАК ДА БИДАМ




Што ми е мерак
пољак да бидем мори Божано
пољак да бидем на вашта нива
мори девојко.

Што ми е мерак
пољак да бидам мори Божано
пољак да бидам на вашто лозје
мори девојко.

На вашта нива
нива голема мори Божано
ти да ја жнееш јас да те гледам
мори девојко.

На вашто лозје
на бело грозје мори Божано
ти да го береш јас да те гледам
мори девојко.

# 18. СИ ЗАЉУБИВ ЕДНО МОМЕ




Си заљубив едно моме
од малечко до големо,
дојде време да го земам /2
падна моме разболе се. /2

Јас отидов во чаршија
да и купам бело грозје,
ко се вратив од чаршија, /2
сретнав либе на носило. /2

Јас отидов да го видам,
ми посака понадица,
ми посака понадица /2
понадица бело грозје /2

Сретнав либе на носило
бело лице потемнало,
бело лице потемнало, /2
црни очи затворени. /2

# 19. СИРАК СЕ СТОЈАН РАЗБОЛЕ




Сирак се Стојан разболе
заради нашто комшивче
хеј хај сиромав ......
Името му е Мариче.

Името му е Мариче
со новото квраче
хеј хај сиромав....
со новото квраче.

Ќе умрам мамо загинам
заради нашто комшивче
хеј хај сиромав....
името му е Мариче.

# 20. МИЛКАНО МОМЕ МОРИ




Милкано моме мори
Милкано слушај што
вели моме Осман бег.

Чифликот ќе си моме
продадам само тебе
Милке моме да земам

Колку ти чини аго
Чифликот збори
пом меракот.

# 21. МАМО МОРИ




Мамо мори стара
луѓе се набрале
зашто се набрале мамо
зашто се собрале ....

Мамо мори стара
јас болем си лежам
девет ми години мамо
за Стојна девојка....

Абре сине Стојане
мама ќе ти каже
Стојна се посврши сине
во мили кумове ...

Абре сине Стојане
маме ќе ја земе
маме ќе ја земе чедо
сине од венчање....

# 22. МАЛКИТЕ МОМИ




Малките моми /2
делба делиле /2
малките моми
делба делиле.

На сека мома /2
по едно момче /2
црно арапче.

Па се чудила /2
што да прави /2
па се чудила
што да му прави.

Па го однела /2
на река Вардар /2
два дни го мила
три дни го трила.

# 23. КАЛИНО ЌЕРКО КАЛИНО




Калино ќерко Калино /2
дадов те бела црвена /2
дадов те тенка висока.

Што болес ми те налегна /2
та ми потенка повена
што болес ми те налегна
та ми потенка повена.

Не прашвај мале не прашвај
не сум од болес легнала /2
Не сум од болес легнала /2
Тук се од мерак разболев. /2

# 24. ЛЕГНАЛО МОМЕ ЗАСПАЛО




Легнало моме заспало /3
под едно дрво високо. /2

Легнало моме заспало /3
и сладок сон сонувало. /2

Оздола иде либето /3
и на момето зборува. /2

Ај да те водам до село /3
свадба да си направиме. /2

Свадба да си направиме /3
и двајца да се земиме. /2

# 25. МАРИЧЕ ЛЕ ЛИЧНО ДЕВОЈЧЕ




Мариче ле лично девојче /2
умирам загинвам за тебе
оф аман, аман, аман,
животот го давам за тебе
оф аман, аман, аман.

Абре лудо абре будало /2
јас си немам никој од рода
оф аман, аман, аман,
сироче сум без мајка и татко
оф аман, аман, аман.

Појди прашај ја ле мајка ти /2
дали ќе те даде за мене
оф аман, аман, аман,
за мене ле сирак сиромав
оф, аман, аман, аман.

Ако сакаш ти да ме земиш /2
јас кај тебе сама ќе дојдам
оф, аман, аман, аман..
и со тебе век ќе векувам
оф, аман, аман, аман.

# 26. НЕ МИ ГО ЛАЖИ ЃОРЃИ МОМЕТО




Не ми го лажи Ѓорѓи момето, џанам,
момето ми е Ѓорѓи малечко. /2

Не ти го лажам бабо момето џанам
оно се само лаже по мене. /2

Момето ми е Ѓорѓи малечко џанам
од седум осумнаест години. /2

Оно се само лаже по мене бабо
по мојта рамна снага висока
по мојта руса коса кудрава.

# 27. НЕ ОДИ СЕФЕР СЕЛО КАРБУНИЦА




Не оди Сефер село Карбуница
село Карбуница горе Ѓурчевица. /2
Сефер бре ага.....

Не оди Сефер село Карбуница
село Карбуница горе Ѓурчевица. /2
Сефер бре ага.....

Тебе ќе фатат глава ќе ти сечат
глава ќе ти сечат арамиска. /2
Сефер бре ага.....

# 28. КИНИСУЕ СТОЈАН ВО ПЛАНИНА




Кинисуе Стојан во планина
кинисуе Стојан нарачуе
нарачуе Стојан на мајкаси. /2

Јас ќе одам мајко во планина
во планина мајко по рудина
да напасам мајко бело стадо. /2

И оставам мајко седум сестри
ти да гледаш мајко да ги караш
да не скитат ноќе по сокаци. /2

Да не чујам мајко нешто смеја
да се бајат шега сељаните
да не ми се смејат другарите. /2

# 29. ДЕКА СЕ ЧУЛО, ЏАНАМ, ВИДЕЛО




Дека се чуло џанам, видело,
мома зандани, џанам, да лежи,
за братовите џанам, крвнини.

Мома зандани, џанам, да межи,
за братовите, џанам, крвнини,
за татковите, џанам, борчеви.

Каде си ќерко, мори, Богдано,
еве сум мајко, мори, зашто сум,
белото лице, мајко, потемнало.

Белото лице мајко потемнало
русата коса мајко окапа
рамната снага мајко загина.

Продавај мајко мори куќи дворови
да ме извадиш мајко од зандани. /2

Девет години мајко как лежам
оште девет десет мајко ќе лежам
верата не си мајко менувам.

Турците пари ќерко не сакајат
белото лице ќерко ти сакајат. /2

# 30. МИТРО, МИТРО МОРИ




Митро, Митро мори
Митро тага голема
отруј се Митро мори
жива не ми оди.

Гола си боса Митро
и широко поле
по жешкото сонце Митро
в куќи вруќини.

Лето со лето Митро
српот нарамо
дете во раце Митро
ручок на глава.

# 31. АМАН СЕДНАЛА МИ БРЕ ЈАНА




Аман седнала ми бре Јана
под таја сенка лозница
леле таја бела лозница
аман широк шик плете
леле со мајка се пречка.

Аман не ми дочу бре Јано
леле стара бре вештице
леле стара стара старице
леле подај ми бре вештер
аман дреновите столички.

Аман јас да си отидам
леле на студен кладенец
аман вода да се напијам
леле грло да ладам
аман јадови да заборавам.

# 32. ЈАЗЕ СИ ГО САКАМ МАМО ПОПОВОТО СТОЈНЕ




Јазе си го сакам мамо поповото Стојне
кажи речи, речи кажи поповото Стојне.

Руса коса има мамо, од рамо на рамо,
кажи речи, речи, кажи, од рамо на рамо.

Црни очи има мамо, солунски филџани,
кажи, речи, речи, кажи солунски филџани.

Рамна снага има мамо како мрена риба,
кажи, речи, речи, кажи, како мрена риба.

# 33. СЛАВЕЈ ПЕЕ НА ТРЕНДАФИЛ




Славеј пее на трендафил
моме седи на пенцере
нажалено на срдено
ем со солзи на очите. /2

Бог да бие твојта мајка
што ме даде на далеку
да не можам да се видам
ни со мајка ни со татко. /2

Ни со мајка ни со татко
ни со мојте мили сестри
ни со мојте мили браќа
ни со прво либе. /2

# 34. НЕ ПЛАЧИ ЛЕНО МОРИ




Не плачи Лено мори не жалај де,
не рони солзи мори крвави,
не топи море шајаче шарено,
зар тука неје мори правено,
в желево село мори предено,
в желево село мори убаво.

В желево село мори предено де,
в'желево село мори ткаено,
охридски извор мори белено,
на мермер града мори шиено. /2

Девет терзии мори го шиеле
триста си игли мори скршиле
товар си конци мори свршиле
в лерина града донесено де
и на Елена и е дарено
да носи Елена мори да пее.

# 35. СПРЕМА СЕ МЛАДЕН СПРЕМА СЕ




Спрема се Младен спрема се
младо аскерче да оди /2
девет години да служи /2
во тоја града Битола.

Татко му пари броеше
мајка му руба спремаше
браќа му коњче ковеја
либе му китка даваше
тихо му дума думаше.

Младене либе младене
китка в пазува да чуваш
кога ќе китка овене
јас ќе се либе посвршам /2
за црна земја робињка.

# 36. ОЈ ЗАРИНО




Еј Зарино прва севдо, /2
еднушка дојдов дома ти,
тебе тука не те најдев.

Тук те најдов по комшии,
по комшии по аршлаци,
кај се нишаш на нишалка,
со моите душмани.

Ој Заренко прва севдо,
ако ме љубаш, љуби ме,
ако не право кажи ми
да си го барам чарето.

# 37. ЗАПЛАКАЛО Е МАРИОВО




Заплакало е Мариово, заплакало,
за тој ми Ѓорѓи, Ѓорѓи Сугаре
Каде си Ѓорѓи сега да дојдиш
леле да дојдиш.
Од душманите да не куртулиш.

Сега за скоро, јас ќе дојдам, ќе пристигнам,
со триесет одбрани момчиња
сите со куси малихери, малихери
сите со нагант леворвери.

Слушај бре Ѓорѓи, Ѓорѓи Сугаре послушај,
ако ти сакаш за да куртулиш.
Накачи горе кајчукарите, кај манастирот
ако ти сакаш да куртулиш.

Тогај извикна Ѓорѓи Сугаре провикна
на неговата верна дружина
Клавајте гуњи пушки, леле пушки,
зашто се камен тешко најдува.

Тогаш извикна Ѓорѓи Сугаре провикна
од Демир Хисарските планини:
слушам ве народ, народ поробен,
леле поробен.
Слушам ви гласој, гласој жалосни.

Колку ми тргна Ѓорѓи Сугаре да оди
во тоа село Паралово
бог да убие шпијуните Параловци
Ѓорѓија што ми го предадоа.

Тогај се Ѓорѓи излага, прелага
накачи горе кајчукарите
кога ќе види што ќе види Ѓорѓи Сугаре
од сите страни Ѓорѓи сардисан.

Згрмеа пушки, пушки аскерски, крвави
сета дружина му ја убија!
Тогај извади нагант леворвер Ѓорѓи Сугаре
самиот крвта си ја пролеа, леле пролеа.
Жив на душмани не се предаде.

# 38. БОГ ДА БИЕ МОЈТА МАЈКА МАЌЕА




Бог да бие мојта мајка маќеа /2
срам да и е арам да и е
на мојта мајка маќеа. /2

Се зедов во сабота вечерта
срам да и е арам да и е
во сабота вечерта.

Што ме даде това село Јаменско
срам да и е арам и е
това село Јаменско.

Понеделник ме пратија на нива
срам да и е арам да и е
ме пратија на нива.

Јеменчани среда, петок не знајат,
срам да им је арам да и е,
среда, петок не знајат.

Ми дадоа празна торба без лебец
срам да и е арам да и е
празна торба без лебец.

Се наведнав кога сонце изгрева
срам да и е арам да и е
кога Сонце изгрева.

Се исправив кога сонце зајдува
срам да и е, арам да и е
на мојта мајка маќеа.

# 39. ЖАЛАЈТЕ ГО БРАЌО ТОЛЕТА ВОЈВОДА




Жалајте го браќа
Толета војвода /2
Толе војвода...
за народ загина. /2

Жалајте го браќа
Толета војвода /2
оти Толе падна
за нашта слобода. /2

Толе војвода
за народ загина /2
за нашта слобода
за Македонија. /2

# 40. КАЖИ МИ КАЖИ, КАТИНКЕ




Која ли вечер да дојдам,
пред врата да ти постојам. (2 - рефрен )

Пред врата да ти постојам,
две до три думи да кажам. ( 2 - рефрен )

Две до три думи да кажам,
лицето да ти го видам. ( 2 - рефрен )

# 41. СТОЈНЕ БРЕ СТОЈНЕ




Стојне бре Стојне убаво моме,
што ти е вино мори црвено.

Што ти е вино црвено Стојне,
што ти е љута мори ракија.

Доли си моме сама копала,
ил си аргати море викала.

Еј море лудо аџамија џанам,
не сум го сама море копала.

Јас сум аргати викала лудо,
млади девојки, беќари.

Затој е вино црвено лудо,
затој е љута море ракија.

# 42. АЈДЕ АНЃО ДА ПОВЕЧЕРАМЕ




Ајде Анѓо да повечераме мори,
ајде Анѓо да повечераме.
Вечерајте Анѓо не чекајте мори,
вечерајте Анѓо не чекајте.

Анѓо је се нешто учинило мори,
Анѓо је се нешто учинило,
влегло лудо долу во градниче мори,
влегло лудо долу во градниче.

Ми обрало секокво но цвеќе мори,
ми обрало секакво но цвеќе,
секокво но цвеќе бело ем црвено мори
секокво но цвеќе бело ем црвено.

# 43. МОРЕ СОКОЛ ПИЕ ВОДА НА ВАРДАРОТ




Море сокол пие вода на Вардарот,
Јане Јане бело грло
Јане Јане кротко јагне.

Јунак да помише с'девет љути рани,
с'девет љути рани сети куршуми,
Јане Јане бело грло,
Јане Јане ле кротко јагне.

Море ој соколе ти јуначко пиле
море не ти виде јунак да помише,
Јане Јане бело грло,
Јане Јане ле кротко јагне.

А десета рана со нож прободена /2
Јане Јане ле бело грло,
Јане Јане ле кротко јагне.

# 44. ЈАС СУМ МОМА ПАК МОМА




Ја сум мома пак мома
широк фустан носам до земја
Елено, гелено, на мама си ми галено.

Готвил сум си вечера,
нема со кого да вечерам,
Елено, гелено, на мама си ми галено.

Купил сум си ракија,
нема со кого да пијам,
Елено, гелено, на мама си ми галено.

Ја сум мома пак мома
широк фустан носам до земја
Елено, гелено, на мама си ми галено.

# 45. СЕ РАСПЛАКАЛ СТАР БЕЛ ДЕДО




Се расплакал стар бел дедо /2
што остарел и побелел. /2

Што остарел и побелел /2
не бил веќе за љубење. /2

Го догледа баба Неда, /2
и на дедо му продума,
молчи дедо не ми плачи.

Молчи дедо не ми плачи /2
нели бевме ние млади
се љубевме се криевме.

Се насмејал стар бел дедо /2
си прегрнал баба Неда
си целувнал баба Неда.

# 46. БОЛЕН ЛЕЖИ МЛАД СТОЈАН




Болен лежи млад Стојан,
болен лежи ќе умри.
Над глава му младата невеста
с машко дете на раце.
Солзи рони солзите и капат
по Стојаново лице.

А невеста му вели
- Стојане бре стопане,
нит ми ситна роса подросува
нит силни дождови
мојте солзи по лице ти капат
од селански не правдини.

Стојан се подразбуди,
и тивко и говори
невесто ле ти млада невесто
што ми грдиш лицето
Да ли ситна роса подросува
или ситни дождови.

Синоќа кај чешмата
селани се збираа
збор збореја кога ти ќе умреш
дете да ми задават
мене грабнат далеку однесат
за пари ме продадат.

# 47. ЈОВАНО, ЈОВАНКЕ




Јовано, Јованке,
твојата мајка мори,
тебе не те пушта,
со мене да дојдеш, душо,
срце мое, Јовано.

Јовано, Јованке,
јас те тебе чекам, мори,
дома да ми дојдеш,
а ти не доаѓаш, душо,
срце мое, Јовано.

# 48. АХ МОРИ МОМЕ УБАВО




Ах мори моме убаво
ќешки кај вас да не дојдев
мајкати да не ја сретнав
од Сарај скоња идеше. /2

Ах мори моме убаво
моли му се на мајкати
да не ми прави давија
да не ме знаем запеана.
младоста ќе ми отцрни. /2

Ах мори лудо, будало,
ти мајкати ја знаеше,
што време тоја си иди,
и тогај да не идеше. /2

# 49. ОЈ ВИНЦЕ ГОЛО МИ ПРОДАДЕ ВОЛОТ




Ој Винце голо ми продаде волот /2
на мене еден на брата ми двата. /2

Ој Винце бело се си зело /2
на стрико куќа на стрица ми фута. /2

Ој Винце винце ми продаде коњот
на мајка фурна на татко нива.

# 50. ШТО ЌЕ ПРАВИМЕ ЧИНИМЕ




Што ќе правиме чиниме
со кој мерак шо го имаме
ниту јадиме пиеме
ниТу слободно спиеме. /2

Сношти помина покрај нас
тамо ја најдов мајка ти
добро вечер стара бабо
дал ти бог добро јуначе. /2

А што ми рече два збора
два збора до два изгора
да море лудо и младо
не си го губи времето. /2

Момето мие свршено
за друго лудо по русо
за друго лудо по русо
од тебе многу многу по арно. /2

# 51. ЕЈ ТИ НЕДО МОРЕ БЕЛА НЕДО




Еј, ти Недо, мори, бела Недо /2
што си толку, Недо, поранила /2
чешма ли нема Недо во селото. /2

Иу селото лудо крај мегданот /2
клети луѓе лудо помрсиле
од дете крв лудо попрскале.

Има има лудо как да нема /2
у селото лудо крај мегданот. /2

# 52. СИТЕ ДЕВОЈЧИЊА




Сите девојчиња мамо се мажива,
најубави момци зедоа,
а јас, најмалата, најубава мома,
си останав, мамо, без к'смет.

Јас си го зедов младо бекривче,
што ми пие вино, ракија,
везден ми оди, мамо, по меани,
пие лумпува, лумпува до зори.

Сеќа вечер, либе одам по меани,
се за таа пуста ракија,
а кога се враќам, либе, од меана,
удри, мавај, мавај по мене.

# 53. ДИГНИ СИ МОМЕ ОЧИТЕ




Дигни си моме очите,
да видим плакало ли си, /2
да видим тажило ли си.

Зашто да плачам момче ле,
свршива ли се ергени, /2
ко тебе млади беќари ?

Еј мори, моме убаво,
не се свршива ергени,/2
тук моми лични ко тебе.

# 54. АЈДЕ ЌЕ ТЕ ПРАШАМ




Ајде ќе те прашам, бре,
Донке, Донке вардаринке. /2

Ајде, да ли тече, бре,Донке,
Вардар матна вода. /2

Ајде ми довлече, бре, мале,
три млада овчара. /2

Ајде тече тече, бре,
мале бели пени фрла. /2

# 55. БЛАГУНО ДЕЈЧЕ




Благуно девојче, мори, пожаранче,
отвори ми џанам пенџер,
сакам да те видам ја.

Благуно дејче, мори, пожаранке,
ја подај си руси коси,
сакам да ги мрсам јас.

Деј ги ди Аце, мори, аџамио,
што да ти отворам пенџер
кога не те сакам јас.

Деј, гиди Аце, мори, аџамио,
што да давам руси коси,
кога те не сакам јас.

Благуно дејче, мори, пожаранче,
ќе продавам сарај - куќа
само да те земам.

# 56. ТАМО ДАЛЕКО ВОДА МИ ДОТЕЧЕ




Тамо далеко,
вода ми дотече од бунарот,
и на бунарот,
Анамче ми седи и платно ми бели.

Оздола иде едно лудо,
младо неженето,
и на Анамче вели ем говори:
Аман, Анамче.

Да ли го даваш,
или го продаваш ај, платното?
И да го давам и да го продавам,
тебе не давам.

# 57. МАРЕ, МОРИ, МАРЕ




Маре, мори, Маре,
зошто бело белиш. /2
Зошто бело белиш,
а ти црно носиш? /2

Да ли татко жалиш,
или стара мајка,
или си го жалиш
твојто прво либе? /2

Ниту татко жалим,
ниту стара мајка,
туку си го жалим
мојто прво либе. /2

# 58. КАКО ШТО Е ТАА ЧАША




Како што е таа чаша
полна со вино /2
така е и мојто срце
полно с јадови.

Дај да пијам мила мамо,
да се опијам, /2
Јадовите мила мамо
да заборавам.

И да пиеш бре, Стојане,
фајда си немаш.
Јадовите мили сине,
не забораваш. /2

Ја земи си мили синко,
пушка берданка. /2
па си ојди бре, Стојане,
горе в планина.

# 59. НА СРЦЕ МИ ЛЕЖИ, МИЛА МАМО




На срце ми лежи мила мамо,
на срце ми лежи,
ај, на срце ми лежи мила мамо,
една лута змија.

Не ми била змија, мила мамо,
не ми била змија,
ај, не ми била змија,мила мамо,
туку је кара Севда.

Севдините очи, мила мамо,
Севдините очи,
ај, Севдините очи, мила мамо,
црни черешови.

Севдините веѓи, мила мамо,
Севдините веѓи,
ај Севдините веѓи, мила мамо,
морски пијавици.

Севдинита снага, мила мамо,
Севдинита снага,
ај, Севдинита снага, мила мамо,
тенка половина.

# 60. СЕ СКАРАЛЕ СЕ СТЕПАЛЕ




Се скарале, се степале,
моми тиквешанки, /2
бре, бре,
се скарале, се степале,
бре, бре,
моми тиквешанки.

Косите си искубале,
раце искршиле, /2
бре, бре,
косите си искубале,
бре, бре,
раци искршиле.

За едно момче, лудо младо,
лудо неженето. /2
бре, бре,
за едно момче лудо младо,
бре, бре,
младо неженето.

# 61. ПИЛЕТО МИ ПЕЕ




Пилето ми пее, рано на сабајле
рано на сабајле, рано пред зора.

Па ми ја буди младата невеста,
па ми ја буди коња да спрема.

Рачај порачај ти млада невесто,
рачај порачај, што да ти пратам.

Да ли пари сакаш или писмо сакаш,
или мене ме сакаш, дома да дојдам.

Ниту пари сакам, ниту писмо сакам,
туку тебе те сакам, дома да дојдеш.

# 62. ЗАШТО МИ СЕ СРДИШ, ЛИБЕ




Зашто ми се срдиш, либе,
срдиш не доаѓаш?
Да ли коња немаш, либе,
или друм не знаеш?

Врана коња имам, либе,
до три друма знаам.
Само ти се срдам, либе,
за сношната вечер.

За това се срдам, либе,
срдам не доаѓам,
што стоеше, мило либе,
со двата ергени.

Први ерген мило либе,
рака ти даваше,
други ерген, мило либе,
прстен ти даваше.

# 63. БУЛБУЛ ПЕЕ НА САБАЈЛЕ




Булбул пее на сабајле,
на сабајле пред зората.

Стани, стани, лудо младо,
лудо младо неженето.

Да одбереш една мома,
една мома најубава.

# 64. КАРАМФИЛО ФИЛ ФИЛО




Карамфило фил фило,моме,
карамфило фил фило,
карамфил фил фило,моме,
ти карамфил не носиш.

Ти карамфил не носиш моме,
ти карамфил не носиш,
ти карамфил не носиш, моме,
на карамфил мирисаш.

Друшките ти носеа, моме,
друшките ти носеа,
друшките ти носеа, моме,
ама не мирисаеја.

Цел ден стојам пред порти,моме,
пушка држам во раци,
пушка држам во раци, моме,
да убијам татко ти.

Жал ми падна за тебе, моме,
жал ми падна за тебе,
жал ми падна за тебе, моме,
ќе останеш сираче.

# 65. МАГЛА ПАДА НАНЕ




Магла пада, мамо,
по полето,
мене тага, мамо,
на срцето. /2

За едно моме, мамо,
во селото,
платно дели, мамо,
дворишттето, китка дели,
мамо, образите.

Ил’ ме жени, мамо,
ил ме уби,
пуста младост, мамо,
не се трпи. /2

# 66. АХ, МОРЕ МАЖУ




Ах, море, мажу, мил домаќин,
јас ќе ти умрам!
Ах мори жено жалба ми падна,
кажи што ти се стори?
Ах мори жено жалба ми падна,
кажи што ти се јаде?

Јас ти слегов долу во избата,
каде стојат дрвата,
па си зедов една суровица
уште недокастрена:
десет пати удри, еднаш броји,
уште недокастрена.

Мене ми се јаде пресна погача,
шо невеста месила:
Мене ми се јаде печена кокошка,
уште не пронесена,
Мене ми се пие тригодишно вино,
три пати преточено.

Еве ти жено пресна погача,
шо невеста месила:
еве ти жено, печена кокошка
уште не пронесена:
еве ти жено, тригодишно вино,
три пати преточено!

# 67. ШТО МИ Е МИЛО, ЕМ ДРАГО




Што ми е мило, ем драго,
на Струга дуќан да имам.
Оф, леле, леле Севдо.....

На Струга дуќан да имам,
на ќепенците да седам.
Оф, леле, леле Севдо.......

На ќепенците да седам,
струшките моми да гледам.
Оф, леле, леле Севдо......

# 68. МИРЈАНО, МОМЕ, МИРЈАНО




Мирјано, моме, Мирјано,
слушај што вели Ѓорѓија,
аман, аман,
слушај што вели Ѓорѓија.

Чифликот ќе си продам,
тебе, Мирјано да земам,
аман, аман,
тебе, Мирјано да земам.

Колку ти чини чифликот,
толку ми чини лицето,
аман, аман,
толку ми чини лицето.

Нивите ќе си продавам,
тебе, Мирјано, да земам
аман, аман,
тебе, Мирјано да земам.

Колку ти чинат нивите,
толку ми чинат веѓите
аман, аман,
толку ми чинат веѓите.

# 69. МОРЕ ТРИ ГОДИНИ ( ТЕМЈАНО )




Море, три години
Стамбол го шетав, темјано,
Море три години,
Станбол го шетав,
пиле калешо.

Море, си спечалив
до три иљади, Темјано,
море си спечалив,
до три илјади,
пиле калешо.

Првата иљада
коњ ќе си купам, Темјано,
првата илјада,
коњ ќе си купам,
пиле калешо.

Другата иљада
куќа ќе си купам, Темјано,
другата илјада,
куќа ќе си купам,
пиле калешо.

Третата иљада
тебе ќе земам, Темјано,
третата илјада,
тебе ќе те земам,
пиле калешо.

# 70. ГО ПРАТИЛЕ ДЕДО В ПЛАНИНА




Го пратиле дедо в планина, /2
мечките да го изедат. /2
Ене го дедо кај иде /2
п'лна му торба со мечиња. /2
бре, бре, лош дедо, бре. /2

Го пратиле дедо на нива, /2
зајците да го изедат. /2
Ене го дедо кај иде, /2
п'лна му торба со зајчиња. /2
бре, бре, лош дедо, бре. /2

Го пратиле дедо во бања, /2
жените да го избањат. /2
Ене го дедо кај иде. /2
со две три жени под рака. /2
бре, бре, лош дедо, бре. /2

# 71. А, БРЕ, ЛУДО АЏАМИЈА




А, бре, лудо, аџамија,
не ме лажи аман.
Косите ми ги......

Нел ми вети да ми купиш
срма елек, аман,
Косите ми ги.....

Нел ми вети да ми купиш
златен прстен, аман,
Косите ми ги.....

# 72. ЈАС ТЕ ПРАТИВ НА ВОДА, КАЛИНО




Јас те пратив на вода, Калино,
ти на вода одаш,
бело лице миеш,
по ергени гледаш,
мори Калино.

Јас те пратив на лојзе, Калино,
ти на лојзе одаш,
бело грозје береш,
на ергени даваш,
мори Калино.

Пусто да остане мамо, лицето,
кога нема, нема,
либе да го љуби !
Јас мајка не слушам,
мори Калино.

Пусто да остане мамо, лојзето,
кога нема, нема,
ерген да го јаде !
Јас мајка не слушам,
мори, што збори.

# 73. ТРИ ГОДИНИ СЕЈМЕН ШЕТАВ




Три години сејмен шетав,
низ вашето пусто село. /2

Тебе дома не те најдов,
да сториме здраво живо. /2

# 74. МАРИКА НА СТОЛ СЕДЕШЕ




Марика на стол седеше,
оф, аман,
Марика на стол седеше,
љубовно писмо четеше,
оф, аман,
љубовно писмо четеше.

Мајка Марике прашаше,
оф, аман,
Мајка Марике прашаше:
Што си, Марике, расплакана,
оф, аман,
што си Марике расплакана.

Писмо сум, мамо, добила,
оф, аман,
писмо сум, мамо, добила.
Од бојно поле разбојно,
оф, аман,
да ми го либе убиле.

# 75. СЕ СМЕЈАТ, МАЈКО




Се смејат, мајко, смејат,
зашто ме мала омажи.

Уште по сокак играат,
од пепел куќи си прават.

Зашто ме мала омажи,
зашто ме мала зацрни.

А пак ја, мајко, мајко, ле,
со машко дете на раце.

Мојте другарки, мајко, ле,
уште по сокак играат.

Со машко дете на раце,
и друго, мајко, на срце.

# 76. ЕЛАЈ, ЛИБЕ, ЕЛАЈ




Елај, либе, елај,
елај на колено,
еј, мило ле либе,
како сум ти болен.

Трава до колена,
огин до рамена,
еј, мило ле либе,
огин до рамена.

Окулу фрлат,
бомби и куршуми,
еј, мило ле либе,
бомби и куршуми.

Мене ме ранило,
среде во срцето,
еј, мило либе,
среде во срцето.

# 77. СНОШТИ ЈА ВИДОВ, МАМО, МОРИ




Сношти ја видов, мамо мори,
убавата Стојна,
Стојне, бре....

Убавата Стојна, ле мамо,
алтан чело има,
Стојне, бре....

Стојнинито лице мамо,
лично огледало,
Стојне, бре....

Стојнините очи мамо,
црни черешови,
Стојне, бре....

Стојнините веѓи, ле, мамо,
морски пијавици,
Стојне, бре....

# 78. БИТОЛА, МОЈ РОДЕН КРАЈ




Битола, мој роден крај,
во тебе сум роден,
мене си ми мил...
Битола мој.....

Многу градови и села пројдов,
како тебе мил за мене,
нигде не најдов.
Битола, мој....

Еј, роден крај, били кој можел
збогум да ти каже,
да не заплаче.
Битола мој....

# 79. ЛУЛЕЛА ЈЕ ЈАНА




Лулела ја Јана,
булино детеце,
ем го е лулела,
ем га љуто клела.

Да не даде господ,
булино детеце,
днес да го лулеа,
утре да жалела.

Шо не може Јана,
на вода да иде,
на вода да иде,
либе да го виде.

# 80. ДА СУМ БИСТРА ВОДА




Да сум бистра вода,
мори мамо,
да сум бистра вода,
мамо, мори, мамице,
јас знам кај да течам.

Јас би текла,
мамо мори,
јас би текла, стале,
мамо мори, мамице,
близу Митровица.

Јас би текла,
мамо мори,
Јас би текла, стале,
стара мори душице,
крај мојето либе.

# 81. ЦРНА СЕ ЧУМА ЗАДАДЕ




Црна се чума заделе,
там' долу Демир капија,
там' долу Македонија.

Избрал се Делчев војвода,
со својта верна дружина,
тој ојде в'Македонија.

Кој ќе се јунак избере,
чумата да ја пропади,
од жална Македонија?

Чумата да ја пропади,
од жална Македонија,
тамо ни Гоце загина..

# 82. МАГДО, МОРИ, МАГДАЛЕНО




Магдо, мори, Магдалено,
елај ми Магдо, на колено. /2
Аман, оф......

Немам сапун, Димчо мори,
кошула да ти операм,
Немам конец, Димчо мори,
кошула да ти окрпам.
Аман, оф.....

Отпетлај ми доламава
да ми видиш кошулава,
Три години нее прана,
а четири некрпена.
Аман, оф....

Раце ти се, Магдо, мори,
мирисав пирикли сапун,
како ти се, Магдо, мори,
ко солунски, свилен конец.
Аман, оф......

# 83. ЕРГЕН ОДЕФ, МАЈКО




Ерген одеф, мајко, ерген одеф,
ерген одеф, мајко,поарно ми беше.

Падна ми се, мајко, падна ми се,
падна ми се, мајко, либе болникаво.

Дури ми е, мајко, дури ми е,
дури ми е, мајко, рака искршила, /2

Оженив се, мајко, оженив се,
оженив се мајко, зло ме нападна.

Синоќ ми е, мајко, синоќ ми е,
синоќ ми е, мајко, на рака лежала. /2

Па не можам, мајко, па не можам,
па не можам, мајко, пушка да си земам,
па не можам, мајко, на коњ да се качам...

# 84. САДЕ ТИ СЕ ЧУДАМ ЦВЕТО




Саде ти се чудам, Цвето,
како сама спиеш,
Еј, пиле, мори Цвето,
како сама спиеш. /2

Ај, викни ме Цвето, мори,
другар да ти бидам,
Еј, пиле, мори Цвето,
другар да ти бидам.
Еј, јагне, мори Цвето,
со тебе да спиам.

Како сама спиеш, Цвето,
в'шарена одаја,
Еј, пиле, мори Цвето,
на железен кревет. /2

Со тебе да спијам, Цвето,
уста да ти пијам,
Еј пиле, мори Цвето,
со тебе да спијам.
Еј, јагне, мори Цвето,
уста да ти пијам.

# 85. ЦВЕТА, МОМА УБАВА




Цвета, мома убава,
солзи рони, сама се пита,
Цвета, мома убава,
солзи рони, саде се пита.
Зашто, Димчо, ти не дојдеш,
мене да видиш. /2

Нели ти реков, Димчо бре,
само мене да љубиш верно. /2
Се ти праштам, оти си лудо,
само врни се. /2

Турил фесче над око,
мен' ме гледа се испод око. /2
Дигни фесче, јас да те видам,
срце ми изгоре. /2

# 86. САДИЛА, ЈАНА, РАН БЕЛ БОСИЛОК




Садила Јана, леле,
садила Јана,
садила Јана, леле,
ран бел босилок.

Кога го садила, леле,
кога го садила,
кога го садила Јана, леле,
не се вратила.

Ми се вратила, леле,
ми се вратила,
ми се вратила, леле,
во неделата.

Оздола иде, леле,
оздола иде,
оздола иде, леле,
лудо ем младо.

Право си тегне, леле,
право си тегне,
право си тегне, леле,
Јанина бавча.

Скини ми, Јано, мори,
скини ми Јано,
скини ми Јано, мори,
бел босилок !

Ако си ерген, лудо,
ако си ерген,
ако си ерген, лудо,
само скини си !

Ако си женето, лудо,
ако си женето,
ако си женето, лудо,
врви си патот.

# 87. МАРИКА, МОМА УБАВА




Марика мома убава,
Марика, турски карамфил,
девет години носена,
по ергенските цепови.

Кој што се љуби не се зна,
како Марика и јазе,
отидов да ја посакам,
Марика да си ја земам.

Прва година отидов,
Марика да си ја земам,
мајка и вели, говори:
малка е нашата Марика.

Втора година отидов,
Марика да си ја земам,
мајка и вели, говори:
болна е нашта Марика.

Трета година отидов,
Марика да си ја земам,
мајка и вели, говори:
Премина нашта Марика.

# 88. САНОЌ МИ БИЛБИЛ ПРОПЕА




Санок ми билбил препеа,
на Катиниот трендафил. /2

Кога го садила, леле,
кога го садила,
кога го садила Јана, леле,
не се вратила.

Ми се вратила, леле,
ми се вратила,
ми се вратила, леле,
во неделата.

# 89. СНОШТИ САКАВ ДА ТИ ДОЈДАМ




Сношти сакав да ти дојдам,
на таа слатка вечера, /2
лудо младо, бре.

Сношти сакав да ти дојдам,
ситна роса зароси, /2
лудо младо, бре.

Какав јунак ти ќе бидеш,
од роса да се уплашиш, /2
лудо младо, бре.

Од роса да се уплашиш,
кај мене да не дојдеш,
лудо младо, бре.

# 90. ДАФИНА БОЛНА ЛЕГНАЛА




Дафина болна легнала,
над глава јој три доктора,
Болна е, болна преболна,
ќе умре млада Дафина.

Ој мајко, мила мајчице,
викни го моето либе,
два збора да му прозборам,
до срце да го изгорам.

Дур не помине година,
да носи црна кошула,
дур не поминат две години,
друго моме да не љуби.

# 91. ИЉЧОВИЦЕ, МЛАДА НЕВЕСТО




Иљчовице млада невесто,
да ли си чула, разбрала, /2
оти е дошол агуто /2
агуто, Муста бегуто.

Иљчовице, млада невесто,
имате село големо /2
имате моми убави,
На снага тенки, високи,
на лице бели, црвени.

Иљчовице, млада невесто,
ареса, ми се бендиса, /2
младото невесте - Иљчово.

# 92. НЕ СЕ ФАЌАЈ, ДОНЕ, ДОНКЕ




Не се фаќај Доне, Донке,
до мене, срце ми изгоре,
Донке за тебе.
Еј што се......

Кога војник, Доне, Донке,
јас одев, и орото,
Доне, Донке го водев.
Еј што се......

Ти до мене, Доне, Донке,
заигра срцето ми,
Доне, Донке разигра.
Еј што се.......

Тогај зор ми Доне, Донке,
ти даде, по година,
срцето си продаде.
Еј што се......

Ни година, Доне, Донке,
не пројде, за другого,
Доне, Донке, ти појде.
Еј што се......

Не се играј Доне, Донке,
не збори, оти знаеш,
Доне, Донке, што стори.
Еј што се......

Тргни рака, Доне, Донке,
од мене, срце веќе,
не ми игра за тебе.
Еј што се......

# 93. КАЖИ, КАЖИ, ЛИБЕ СТАНО




Кажи кажи, либе Стано,
што си замислена,
да ли руба немаш Стано,
или пари немаш. /2

Се си имам, либе Диме,
само едно немам,
само една немам, либе,
од срце порода. /2

Јас ќе одам, либе Стано,
во Солуна града,
ќе ти купам, либе Стано,
дете позлатено. /2

Пусто да остане, Диме,
дете позлатено,
кога нема да ми рече,
од срце мајчице. /2

# 94. МАМО КОЈ ЧУКА НА ПОРТА




Мајко, кој чука на порта? /2
Чука тропа, мила мамо, мојто прво либе. /2

Мајко, дал да му отворам? /2
Дал да му отворам, мамо, нашта мала порта?

Мајко, вечера немаме. /2
Вечера ќе биде, мамо, мојта медна уста. /2

Мајко, постела немаме. /2
Постела ќе биде, мамо, мојта танка снага. /2

# 95. ТРГНАЛА ТОДА МОМА ЗА ВОДА ДА ОДИ




Тргнала Тода мома, за вода да оди,
на таа чешма, Тода, чешма шарена.

Одила Тода мома што одила,
на пат Тода мома потера сретнала.

Тогај се Тода мома назад вратила,
и на братот Тода мома му кажала.

- Ај, стани, стани, брату, стани Ѓорѓи,
лоша потера, Ѓорѓи, не сардиса.

- Не бој се, Тодо мори, гајле не бери,
подај ми, Тодо мори, берданка пушка.

И дај ми, Тодо мори, ситни куршуми,
тури ми, Тодо мори, чаша ракија.

Па да видиш, Тодо мори, што чудо ќе правам,
потера ќе бега, Тодо, до бога ќе плаче.

# 96. САЊОЌ ЛЕ НАДО




Саноќ, ле, Надо,саноќ
не спијам, пред порти стојам
за да те видам.
Очи ми солзат, срце тагува,
заради наш'та, Надо пуста разделба.

Не можам Ѓорѓи, не можам, либе
не можам на порти јас да излезам:
Порти ми Ѓорѓи, мајка затвори,
пенџер ми, Ѓорѓи, татко созида.

Излези Надо барем на порта,
за да ти видам белото лице,
Белото лице, црните очи итија,
Надо мори гајтан веѓи.

Мајка ти, Надо, па и татко ти
бог ти ги убил, огин изгорел !
Порти ќе турнам, пенџер ќе урнам
и тебе, Надо, мори, јас ќе те земам.

# 97. ПОДИГНИ СИ, БРЕ, НЕВЕСТЕ




Подигни си бре невесте,
дуварчето да ти видам,
бре невесте, бело лице.

И да видиш, лудо море,
фајде немаш: црни очи,
лудо море, продадени,
на компии, лудо море,
лоши луѓе.

И да видиш, лудо море,
фајде немаш: бело лице,
лудо море, продадено.

Татко зеде, лудо море,
дваесет лири,мајка зеде,
лудо море, црно елече.

Подигни си, бре невесте,
дуварчето да ти видам,
бре невесте, црни очи
црни очи, бре невесте,
гајтан веѓи.

# 98. ОЈ, ОВЧАРЧЕ




Как да несум, развеселен!
Овци ми се објагниле

Как да несум, развеселен
сека друга облизнила.

Жена ми се породила
породила машко дете.

# 99. БОГ ДА БИЕ




Три години без работа.
Без работа мило либе, ем без пари.
Без работа мило либе, без пет пари.

Ако сакаш да ти дојдам,
Продај си го мило либе герданчето.
Праќај пари, мило либе, да си дојдам.

# 100. КАЖИ, ВАСКЕ ЕРГОВА




Кажи Васке Ергова,
кој те тебе посврши?
Трани, нани...

Ја се свршив, посвршив,
за Мијале Младенов.
Трани, нани...

Кажи, Васке Ергова,
што те тебе премами?
Трани,нани...

Ме премами, премами
свиленото карваче.
Трани, нани....

Кажи Васке Ергова,
што те друго премами?
Трани, нани....

Ме премами, премами
свиленото фустанче.
Трани, нани....

Кажи Васке Ергова,
што те друго премами?
Трани, нани....

Ме премами, премами
сребреното елече.
Трани, нани....

# 101. ЕЛЕНО, ЌЕРКО ЕЛЕНО




Елено,ќерко Елено,
ти една на мајка,
што стоиш, ќерко, што мислиш,
што книга пишуваш? /2

Пишувам, мајко, пишувам
до градот Едрене,
Едрене, мајко, Едрене,
на моето либе. /2

Да купи, мајко, да купи
за мене капела
капела, мајко, капела
од триста гроша. /2

# 102. ЧЕРЕШНА СЕ ОД КОРЕН КОРНЕШЕ




Проштавај мајко, проштавај
проштавајте, мили роднини.

Проштавај мајко, проштавај
проштавајте, мили роднини.

Свекрва, золва, јатрва
и најмалото деверче.

# 103. ОЈ ТИ ПИЛЕ




Ој, ти пиле, славеј пиле,
ја запеј ми една песна, /2
една песна жаловита. /2

Нек се чуе на далеку,
на далеку преку Вардар,
на далеку преку Вардар
преку Вардар до Велешко.

Од Велешко до Прилепско,
од Прилепско до Крушевско
од Прилепско до Крушевско
од Крушевско-Мечкин-Камен.

Од Крушевско - Мечкин Камен
там се бије славен јунак,
там се бие славен јунак
славен јунак Питу Гули.

# 104. ЧУПЧЕ ОД ОНАКА




Чупче од онака,
не се врти вака,
на ме гори мене!

Гори, лудо, гори
гори да изгориш,
пепел да се сториш!

Пепел да се сториш,
сапун да те праве
чупите да пере!

Чупите да пере
белите престилки,
белите дулбени!

# 105.БИТОЛА, БАБАМ, БИТОЛА




Битола, бабам, Битола,
таму се живот живее,
таму се живот живее,
таму се јаде и пие.

Битола, мајска природа,
Битола, златна градина,
со лични моми убави,
на лице бели црвени.

Битола, бабам, Битола,
кај ми те толку пракала,
да тагеш моми убави
да горат сите беќари.

# 106. МОМА ОДИ ЗА ВОДА




Мома оди за вода, и беќаро по неја:
Постој, моме почекај да ти реча до два збора
деј гиди моме убаво, деј гиди севдо голема.

Да ми дадиш тро вода да улада срцето.
Се измами момето, му подаде стомнето,
деј гиди моме убаво, деј гиди севдо голема!

Тој не фати стомнето, тук и фати паката,
ја префрли на коњ и го скрши прстено,
деј гиди моме убаво, деј гиди севдо голема!

Каку ветар вееше, така коњо бегаше;
како роса росеше, така мома плачеше,
деј гиди моме убаво, деј гиди севдо голема!

# 107. ЛИБЕ, АКО ДОЈДЕШ




Либе, ако дојдеш, дома да ми дојдеш!
ќе мама дојде, ќе татко дојде.
Зинга, зинга, зинга ле, зинга бајевите,
оп, мамо, мамице, оп, бајевите.

Мама е отишла на воденица,
на воденица с крива магарица.
Магаре да падне, мајка да задоцни.
Зинга, зинга, зинга ле, зинга бајевите,
оп, мамо, мамице, оп, бајевите.

Јас да се бацувам со млади ергени,
со млади ергени, со стари беќари.
Зинга, зинга, зинга ле, зинга бајевите
оп, мамо, мамице, оп, бајевите.

# 108. ДОНКА ГРЛО ЈА БОЛЕШЕ




Донка грло ја болеше,
никој Донка не веруе,
Ни свекрва, ни јатрва,
кој верује не е тука.

Донка прати едно писмо,
Брзо да си дојдеш Милан.
Милан јавна брза коња,
си кинаса каде дома.

Не се врна во меана,
си нарача чаша вино:
Турај вино, немерно,
давам пари неброени...

На пат сретна копачите,
па им вели, ем говори:
Ој копачи, мили браќа,
копајте гроб за двамина.

На пат сретна носачите,
па им вели, ем говори:
Ој носачи, мили браќа,
оставете бела Донка.

# 109. ЗБОГОМ МАЈКО, ЈАС ОТИДОВ




Збогом, мајко, јас отидов,
денот јас да загинам.
Разделба ми срце мачи,
и пак ме тера да пејам.

Збогум татково огниште,
збогум, браќа и сестри.
Збогум, другари ем другарки,
стари и млади дечиња.

За последно збогум ви кажам,
последни пат ви пејам јас.
Било где ли јас да одам,
вас вечно ќе споминьам.

А за тебе, мила мајко,
јас ќе жалам ем тажам.
В туѓа земља непозната,
живот ле мајко ќе поминам.

# 110. КАЖИ, КАЖИ, ДОНКЕ




Кажи, кажи, Донке,
што да ти донесам,
оф, аман, аман,
мори ѓулчин Донке!

Шеќер на кутија,
грозје, леблебија,
оф, аман, аман,
мори ѓузел Донке!

Круша шербетлија,
мезе за ракија,
оф, аман, аман,
мори џилфе Донке!

# 111. КАЖИ, МОМЕ, ВИСТИНАТА

*Рубато* ♩= 90




Кажи, моме вистината,
љубиш ли ме, мамиш ли ме,
ил' сос мен' се подиграваш
да ти мине времето.

Сношти мина покрај вази,
тебе, моме, не те видов,
срце ми се растрепери,
почна солзи да ронам.

Сечи, моме, руси коси,
прави скала да се качам,
да ти видам бело лице
и рудото ти грло.

Ах, да можам да разберам
була ли си, ил' Гркиња,
ил' си, моме, Македонка,
та си толку убава.

# 112. КАТЕ, ЛИЧНО ДЕВОЈЧЕ

♪= 236




Кате лично девојче,
ајде да се земеме. /2

Како ќе се земеме,
кога пари немаме. /2

Ако пари немаме,
голем севдах имаме. /2

Пари ќе спечалиме,
куќа ќе направиме. /2

# 113. СЕ СВАЛИЛА МИТРА ДОЛУ ВО ГРАДИНА




Се свалила Митра, се свалила,
аман се свалила, Митра, долу во градина
да набере Митра, да набере,
да набере Митра ран бел, бел босилок.

Ја фатиле Митра, ја фатиле
аман ја фатиле Митра Турци јузбашии
Ја носиле Митра, ја носиле,
аман ја носиле Митра во града Солуна.

Ја питале Митра, ја питале,
аман ја питале Митра чија вера сака,
Глава дава Митра, глава дава,
аман глава дава Митра, вера не мењава.

# 114. РАЗВИЈАЈ, ГОРО, ГОРО ЗЕЛЕНА




Развивај, горо, горо зелена,
аман, аман,
извирај водо, водо студена,
аман, аман,
сите ми дрва све ми развиле
аман, аман,
само едно дрво не ми развило,
аман, аман!

Под него лежи младо јуначе,
аман, аман,
младо јуначе со десет рани:
аман, аман,
девет рани све куршумени,
аман, аман,
само една рана штико бодена,
аман, аман!

Над него лета сива орлица,
аман, аман,
сива орлица, проклета птица,
аман, аман!
Ја умри, умри, младо јуначе,
аман, аман,
да ти испија црните очи,
аман, аман,
да ти исколва белото лице!

# 115. ЈА ИЗЛЕЗИ, СТАРА МАЈКО




Ја излези, стара мајко,
надвор до портата,
па да чуеш, стара мајко,
што песна се пее. /2

Да го чуеш, стара мајко,
твојот син комита
песна пее, стара мајко,
в планина ќе оди.
Песна пее, стара мајко,
песна за слобода.

Збогум мајко, збогум жено,
збогум мили деца;
- мојта жена, стара мајко
пушка малихера.
- Мојте деца, стара мајко,
дребните куршуми.

# 116. ЈАС СИ ПОЈДУ ВО БИТОЉА




Јас си појду во Битоља
јас си појду во Битоља,
Ленче бре,
занает да науча.

Не научи занаето,
не научи занаето,
Ленче бре,
тук научу љубовта.

Ах, да знае мојта мајка,
ах, да знае мојта мајка,
Ленче бре,
гробо да ми ископа.

И на гробо да напиши
и на гробо да напиши,
Ленче бре:
- Тук почива љубовта.

Љубовта е нешто лошо,
љубовта е нешто лошо,
Ленче бре,
којшто знае да цени.

# 117. БРАЛА МОМА КАПИНИ




Брала мома капини, /2
брала мома капини
на попови градини,
оф аман, аман, аман.

Отуд иде момчето, /2
отуд иде момчето,
на глава му фесчето,
оф аман, аман, аман.

Дигни моме фустано, /2
дигни моме фустанот,
да не газиш бостанот,
оф аман, аман, а-ман.

# 118. АЈ ДА БЕГАМЕ, МОРИ ВАСЕ




Ај да бегаме, мори Васе, ај да бегаме,
ај да бегаме града Солуна.

Там ќе најдеме, мори Васе, там ќе најдеме,
там ќе најдеме мома Спасија.

Мома Спасија, мори Васе, мома Спасија,
мома Спасија болна легнала.

И повикала, мори Васе, и повикала
и повикала до три доктури.

Први му вели, мори Васе, први му вели,
први му вели: не се лекува.
Втори му вели: од мерак лежи:
трети му вели, мори Васе, трети му вели,
трети му вели: јас ќе ја леквам,
јас ќе ја леквам и ќе ја земам.

# 119. ДИНКА ДВОРИ МЕТЕ




Динка двори мете,
Дробни солзи рони. /2

Динка Попова, Икономова,
Динка, Динка Попова, Поп-Николова.

# 120. СОН СОНИЛА ОРДАНИЦА




Сон сонила Орданица.
Од Ордана Пиперката,
На полноќ се разбудила,
Ордан за рака го гибнала.

Стани Ордан, да би нестанал,
Лош сон сум ти сонувала,
Да не одиш, Ордан, село Вефчани,
Оти е село сардисано.

Ти не бој се, мори, Орданице,
Ја подај ми сабја врентија,
И да нарамам тенка пушка.

Да излезам, мори, пред четата,
Па да видам, мори, Орданице,
Кој го село, село сардиса.

Кога ќе види, Ордан, што ќе види,
Цело село, море, сардисано,
Знак даде, Ордан, со пушката,
Аскер писнал до господа,
Од Ордана Пиперката.

# 121. ОДОЗДОЛА ИДЕ, БАБО




Одоздола иде, бабо, мори,
одоздола иде,
одоздола иде, бабо мори,
едно лудо младо.

Добро вечер, стара бабо мори,
добро вечер стара, бабо,
добро вечер, стара бабо мори!

Бела коња вјава, бабо мори,
бела коња вјава,
бела коња вјава, бабо мори,
со пушка на рамо.

Право право оди, бабо мори,
право, право оди,
право, право оди, бабо мори,
на нашата порта.

# 122. ЧЕТВОРИЦА КУМИТИ




Четворица кумити низ Кршисер врвеја,
низ Кршисер врвеја, право Гари влегоја.

Првиот ми беше Стојанчо Паун кумита,
другиот ми беше Стефанов Мицо кумита.

Третиот ми беше врвеше Алексо Кирко кумита,
четвртиот ми беше врвеше Пејданчо Блажо кумита.

Чукам, чукам на врата: Отвори ми невесто,
отвори ми невесто, невесто млада Стојанице.

Она си слезе од чардак и си врата отвори,
Добор вечер, невесто! Дал бог добро, кумити!

Стојан си вели говори: Невесто млада Стојанице,
качи се горе в одаја, отвори долап мусандра,
извади шише ракија, тајфата да ја напија.

# 123. УЧИ МЕ МИЛА МАЈКО, КАРАЈ МЕ




Учи ме мила мајко, карај ме, леле, карај ме
како да кинисам, мајко, по него, леле, по него.

Лажи го, мила ќерко, мами го, леле, мами го,
дури да си дојдат ќерко браќа ти, леле, браќа ти.

Са ноќ сум, мила мајко, неспана, леле, неспана,
од тоа лудо младо, пијано, леле, пијано.

Браќа ти се мила ќерко, комити, леле, комити,
тие ќе му глава ќерко отсечат, леле, отсечат.

# 124. СОКОЛ МИ ЛЕТА ВИСОКО




Сокол ми лета високо, мори девојко,
сокол ми лета високо
на таја града Кукуша, мори девојко,
над таја града Кукуша,
над Делчевите дворови, мори девојко,
над Делчевите дворови.
Делчево либе убаво, мори девојко,
Делчево либе убаво.

Рамни дворови метеше, мори девојко,
рамни дворови метеше.
Дробни ми солзи ронеше, мори девојко,
дробни ми солзи ронеше
дека е Гоце загинал, мори девојко,
дека е Гоце загинал
во тоа село Баница, мори девојко,
за жална Македонија.

# 125. СТАНИ МИ СИНЕ СТОЈАНЕ




Стани ми, сине Стојане
големо оро се збрало, Стојане,
големо оро се збрало.

До секоа мома и момче
до Ратка твоја два мина, Стојане,
до Ратка твоја два мина.

- Нек' пеат, мамо, нек' играат,
Ратка е моја, па моја, мамо ле,
Ратка е моја, па моја.

На гергелички чаири,
играат, сине и пеат, Стојане,
играат сине и пеат.

Два мина, сине, овчари,
овчари, сине, чобани, Стојане,
овчари сине чобани.

Прстенот ми е уф неа,
гривните и се уф мене, мамо ле,
гривните и се уф мене.

# 126. ГРОЗДА МОМА МЕСТИ ТРИ БАЈРАКА




Грозда мома, Грозда мома,
Грозда мома, на бунаро.

Она била, бојаџика,
Она мести три бајрака.

Еден зелен, други модер,
Треќи црвен, треќи црвен.

Еден бајрак за на собор,
други бајрак за на војна.

Црвен бајрак за на борба,
За на борба, за слобода.

# 127. МИТРЕ ВЛАО, ТЕШКО РАНЕТ




Митре Влао, тешко ранет,
му се моли на другари:
Ој другари, мили браќа,
подајте ми дулбијата
да ја врла Вич планина
да распула горе долу

планините, долините,
и Баскарските Извори,
да се проста со Костурско,
и со цела Македонија,
да се проста со Костурско,
и со цела Македонија.

# 128. ДА МИ ПУКНИШ, СТАРА МАЈКО




Да ми пукниш, стара мајко, да тресниш, да тресниш,
зошто ме роди, мамо, убава, убава!
Да не можа на порта да слезам, да слезам,
од тие пусти, мамо, ергени, беќари.
Свилена марама, мамо, даваја, даваја,
бело ми лице, мамо, сакаја, сакаја.
Срмено елече, мамо, даваја, даваја,
црни ми очи, мамо, сакаја, сакаја.
Низа жолтици, мамо, даваја, даваја,
рамна ми снага, мамо, сакаја, сакаја.

# 129. КИНИСАЛА РОСА ЈУ ПЛАНИНА




Кинисала Роса, ју планина,
да си бере Роса, росно цвеќе
ден го брала Роса, ден китила.

Накитила Роса, три тивара,
товарила, Роса, замркнало,
замркнало, Роса, затемнило.

Ој, овчари море, мили браќа,
каде има браќа таа вечер,
таа вечер браќа да ноќевам.

Ноќевала Роса, кај овчари,
ја самнало Роса, товарила,
кинисала Роса да си оди.

Насмеја се Роса, на овчари,
Ој, овчари море, будалишта,
сретнал волкот море, рудо јагне,
па не знаел, море, да го јаде.

# 130. ГЛЕДАЈ МЕ, ГЛЕДАЈ УШТЕ ДЕНЕСКА




Гледај ме, гледај, либе,
гледај ме, гледај,
гледај ме, гледај, ах мило либе,
уште денеска.

Денес сум тука, либе,
денес сум тука,
денес сум тука, ах мило либе,
утре ќе одам.

Партизан ќ'одам, либе,
партизан ќ'одам, ах мило либе,
Славеј Планина.

Славеј Планина, либе,
Славеј Планина, ах мило либе,
Во Караорман.

Од там ќе гледам, либе,
од там ќе гледам, ах мило либе,
Славна Дебарца.

Славна Дебарца, либе,
Славна Дебарца, ах мило либе,
ја оплачкаа, ах мило либе,
свероп фашисти.

# 131. ТРИ ГОДИНИ СЕ ЉУБЕВМЕ




Твојата мајка, песни пее,
а пак мојта солзи лее,
Не ли ти е жално......

Тебе ти чукат, тапаните,
а пак мене камбаните.
Не ли ти е жално......

Тебе те носат на венчило,
а пак мене на носило.
Не ли ти е жално.......

# 132. МАЛИХЕРИ ПУКАА




Малихери пукаа, леле,
малихери пукаа,
на Гандачот планина.

Тој Јованче војвода, леле,
тој Јованче војвода
на чукарка седеше.

На чукарка седеше, леле,
на чукарка седеше,
заповед издаваше:

Јуриш, браќа кумити, леле,
јуриш браќа кумити,
да ја ослободиме
мајка Македонија!

# 133. А ШТО МИ Е МИЛО ЕМ ДРАГО МЛАДА ПАРТИЗАНКА ДА БИДАМ




А што ми е мило ем драго,
млада партизанка да бидам,
збогум и проштовај роде мој,
јас отидов во бој, бој, бој,
Збогум и проштавај.......

На Пелистерска планина,
на Лавчанската корија,
на Лавчанската корија,
кај дванајсете кладенци.
Збогум и проштавај........

Таму си клетва зедовме,
со фашисти да се биеме,
слобода да добиеме,
за нашата Македонија.
Збогум и проштавај......

# 134. МОРИ ЧУПИ КОСТУРЧАНКИ




Мори чупи костурчанки,
раширете го орото, /2
да ви ви'ме фустаните, /2
чиј е фустан дамкалија, /2
да се стору севдалија,
по фустано на чупчето.

# 135. БЕЛО ЛИЦЕ ЉУБАМ ЈАС




Бело лице љубам јас...
И да љубам и да гледам
фајде нема ле, душо моја,
Шеќерна ти калеша неверна!

Гајтан веѓи љубам јас...
И да љубам и да гледам
фајде нема ле, душо моја,
Шеќерна ти калеша неверна!

Црни очи љубам јас...
И да љубам и да гледам
фајде нема ле, душо моја,
Шеќерна ти калеша неверна!

Медно усте љубам јас...
И да љубам и да гледам
фајде немам ле, душо моја,
Шеќерна ти калеша неверна!

# 136. УРВА ФАНКА




Урва Фанка, урва Фанка по полето
урва Фанка, ој леле, по полето
да собери, да собери црно грозје,
да собери, ој леле, црно грозје,
црно грозје, црно грозје лисечина,
црно грозје, ој леле, лисечина.

Ми ја фати, ми ја фати надарчето,
ми ја фати, ој леле, надарчето:
Таксај, Фанке, таксај, Фанке, што ќе
таксај, Фанке, ој леле, што ќе таксаш!
Таксана е, таксана е пендолира,
таксана е, ој леле, пендолира!

Не ти сакам, не ти сакам пендолира,
не ти сакам, ој леле, пендолира,
тук ти сакам, тук ти сакам бело лице,
тук ти сакам, ој леле, црни очи!

# 137. СЛУШАМ КАЈ ШУМАТ ШУМИТЕ




Слушам кај шумат, буките, /2
Слушам кај шумите,
плачат за војводата, капиданот. /2

Да не ве чуе мајка ми старата, /2
да не ве чуе мајка ми,
ќе ве праша за мене, аман за мене. /2

Другари, верни другари, другари, /2
кога низ село врвите,
со коњи да тропате,
со Пушки да не фрлате.

Каде е син ми Констадин, Констадин, /2
каде е син ми Констадин,
Констадин војводата, капиданот. /2

Син ти се мајко ожени, ожени, /2
син ти се мајко, ожени
за една Македонка, поробена! /2

# 138. ГОЛЕМ МЕРАК ИМАМ, МАМО




Голем мерак имам, мамо,
партизан да одам,
партизан да одам, мамо
на Вичо планина.

Јаска ќе се бора мамо,
за Македонија,
за Македонија, мамо,
земја измачена,
земја измачена, мамо,
од клети фашисти.

Тамо ќе си најда, мамо,
мојте верни браќа,
мојте верни браќа, мамо,
мојте верни сестри.

Прва пушка пукна, мамо,
мене ме погоди,
мене ме погоди, мамо,
на левата страна,
на левата страна, мамо,
близу до срцето.

# 139. ТИХО МИРКА СИ ЗАСПАЛА




Тихо Мирка си заспала
во Почепските планини,
во Почепските планини,
таму долу во ливади.

Во зората пристигнале
клети шпиони фашисти,
местото го заградија
жива Мирка фатија.

Насред ноќи пристигнале
втора чета комесари.
Гласот Мирка му го слушна,
одма Мирка се разбуди.

Жива Мирка ја фатија
во град Воден ја носија,
тешко Мирка ја мачија
жива во гроб ставија.

# 140. АЈДЕ ПОМИНУВАМ




Ајде поминувам, мори, заминувам,
на бел камен починувам,
ајде заминувам, мори, попитувам
дека седи калеш Грозда,

ајде, калеш Грозда мори, калеш Грозда,
калеш Грозда вапцарката,
ајде, да ми вапца мори, да ми вапца,
да ми вапца два барјаци,

ајде, еден зелен, мори, еден зелен
еден зелен, други црвен
ајде зеленио, мори, за на свадба,
црвенио за на бојот.

# 141. ГО ФАТИЛЕ КЛЕТИ ТУРЦИ




Го фатиле клети Турци
едно моме најубаво,
едно моме најубаво, најубаво,
најубаво во селото.

Кажи, кажи, лично моме,
кај се крие Гоце Делчев,
кажи кажи лично моме, лично моме,
кај се крие Гоце Делчев.

Му врзале двете раце,
двете раце наопако,
му врзале двете раце, двете раце,
двете раце наопако.

И да умрам, клети Турци,
јазе Гоце не кажувам,
и да умарам, клети Турци, клети Турци,
јазе Гоце не кажувам.

# 142. ШТО МИ Е МИЛО, ЕМ ДРАГО




Што ми е мило ем драго, леле,
што ми е мило ем драго, леле,
комшиче либе да имам, мамо,
комшиче либе да имам.

На пенџерето да седам, леле,
на пенџерето да седам, леле
бело и лице да гледам, мамо,
бело и лице да гледам.

Руса и коса да мрсам, леле,
руса и коса да мрсам, леле,
тика и снага да кршам, мамо,
тика и снага да кршам.

# 143. ЈАНО, МОРИ, ЈАНО




Јано, мори, Јано леле, севделино,
моја росна, Јано мори, детелино. /2

Камен дрво, Јано мори, изгорувауш,
срцето ми, Јано мори, разигрувауш. /2

Поминуваш, Јано мори, заминуваш,
нит ми зборваш, Јано мори, нит се смееш.

Те прашајат, Јано мори, мајсторине,
што им готвиш, Јано мори, за вечера. /2

Кога комат, бегу море, ил кокошка,
таа вечер, бегу море, рудо јагне,
рудо јагне од две мајки задоено.

# 144. СУЛЕЈМАН СИ ИМА ЏАНАМ 12 ЧИФЛИЦИ




Сулејман си има џанам,
дванајсет чифлици. /2
Чифлици си дава џанам,
Лена не ја дава. /2

Лена не ја дава, џанам,
што е многу лична. /2
Бела ем црвена, џанам,
тенка ем висока. /2

Ленината рамна снага
тешка половина,
Ленините очи, џанам,
црно черешови
Ленините гајтан веѓи
морски пијавици. /2

# 145. КАЖИ ЈАНО




Кажи Јано, кажи бре ќерко,
зошчо не се мажиш?
Аман, ниту ти се мажиш,
Јано ќерко, ниту изим даваш.

Ниту ред им даваш, бре Јано,
на твоите браќа,
аман, на твоите браќа, Јано ле ќерко,
на твоите сестри.

Твојте побратими, бре Јано,
бели бради бричат,
аман, твоите посестрими, Јано ќерко,
бели коси плетат.

# 146. ЖАЛИ, МОМЕ, ДА ЖАЛИМЕ




Жали моме, да жалиме, моме,
оти ќе се разделиме
јас од тебе, ти од мене, моме,
јас од тебе, ти од мене.

Ти ќе одиш млада невеста, моме,
ти ќе одиш млада невеста,
со младо момче пред тебе, моме,
со младо момче пред тебе.

Свекор, свекрва до тебе, моме,
свекор, свекрва до тебе,
и најмладо деверче, моме,
и најмладото деверче.

# 147. РАЈНА НА ПОРТИ СТОЕШЕ




Рајна на порти стоеше, мила мамо,
Рајна на порти стоеше, /2
либето си го чекаше.

Рајно ле, моме убаво, леле, убаво,
Рајно ле, моме убаво,
носам ти писмо од дружба.

Оздола иде млад јунак, мила мамо,
оздола иде млад јунак, /2
и носи писмо за Рајна.

Рајна на јунак думаше, леле думаше,
Рајна на јунак думаше,
што ќе ми писмо од дружба,
кога ми либе загина.

# 148. АХ МИНАВ ГОРА, МИНАВ ДРУГА




Ах минов гора, минав друга,
ах во гората дробен јасен,
ах на јасенот славеј пиле,
ах славеј пиле рано пее.

Ах не пеј пиле, не пеј рано,
ах не буди ми мојто либе,
ах са поќ сум го преспивала,
ах преспивала милувала.

# 149. ИЗЛЕЗИ ВИДО, МОРИ, ЧУДО ДА ВИДИШ




Излези Видо мори, чудо да видиш,
чудо да видиш, Видо, чудото големо,
чудото големо, Видо, зајак со чалма,
зајак со чалма, Видо, глава преврзана.

Излези Видо, мори, чудо да видиш,
чудо да видиш Видо, чудото големо,
чудото големо Видо, волк со чалма,
волк со долама Видо, зајак со чалма,
зајак со чалма Видо, глава преврзана.

Излези Видо мори, чудо да видиш,
чудо да видиш, Видо, чудото големо,
чудото големо, Видо, лисица со венци,
лисица со венци Видо, волк со долама,
волк со долама Видо, зајак со чалма,
зајак со чалма Видо, глава преврзана.

Излегна Вида мома чудо да види,
чудо да види Вида, чудото големо,
чудото големо Вида, момче не женето.

# 150. ПЕТЛЕТО ПЕЕ НА ЛЕСА




Петлето пее на леса,
лудото тропа на порта.

Запали фенер болна,
да не ти флезам темнина.

Да не ти флезам темнина,
да не ти газам постела.

Да не ти сберам коланче,
да не ти тропне герданче.

Да не разбере мајкати,
мајкати лудо сестрати.

# 151. ЗБОГУМ МИЛА, ДОЈДЕ ВРЕМЕ




Збогом мила дојде време,
јас од тебе да се разделам,
јас пак беден роден сум без ксмет,
се со маки таги големи. /2

Дојдов тука како јабанџија,
далеку од мојот роден крај,
срце плаче нигде срека немам,
тежак гурбет пуста туѓина. /2

Тешка беше нашата разделба,
кога тргнав во непознат крај,
мојте солзи патот го попеја,
по тај пат пуста печалба. /2

Ако бог да жив да се вратам,
тебе мила да те прегрнам,
да ти кажам мојте маки,
мојте маки таги големи. /2

# 152. БЛАЖЕНА ГОРА ЗЕЛЕНА




Блажена горо зелена, џанам,
никогаш празна, леле не биваш,
никогаш празна не биваш, леле,
ни лето горо, леле, ни зиме.

Зиме си полна овчари, џанам,
лете си полна, леле, јунаци,
зиме си полна овчари, џанам,
лете си полна, леле, јунаци.

До сека бука јунака, џанам,
до сека граика, леле, бѐрданка,
од сека шумка патронка, џанам,
на сека чука, леле и бајрак.

# 153. БОЛЕН МИ ЛЕЖИ МИЛЕ ПОП ОРДАНОВ




Болен ми лежи Миле Поп Орданов, /2
над глава му стои стара му мајка,
жално го жали, милно го плаче.

Стани ми стани, мое мило чедо, /2
твоите другари по сокаци одат,
жални песни пеат, тебе те споминат.

Затворен Ѓорѓи во Битола, леле,
во Битола, во темна зандани.
Оставил Ѓорѓи до две деца, леле,
до две деца, машки два близнака.

# 154. НИ ПРЕЛА ГОРА НИ ТКАЛА




Ни прела гора, ни ткала,
са зима болна лежала. /2

Кога на пролет спомала,
тивко ми ветре подувна,
пролетна песна запеја.

Само се гора облекла,
и во зелено кадифе,
се во зелена долама. /2

# 155. ОДЛЕТАЛЕ МИ ДОЛЕТАЛЕ




Одлетале ми долетале,
два сива бела голаба.
Одлетале ми долетале
на Малинови Конаци.

Еј ти Малине, Малине,
лошо ти се фалат душмани,
ветров ќе ми подуват,
дождови ќе ми заврнат.

Реки пором ќе дотечат,
Гелти ќе ти одвлечат,
ако ми се фалат душмани,
Гелти ми се панцирни.

# 156. СВАЌО, МОРИ СВАЌО




Сваќо, мори, сваќо,
ај, што ми даде чудна снаа,
виде племна се зачуди,
ај, што е ова како црква.

Сваќо, мори, сваќо,
ај, што ми даде чудна снаа,
виде разбој се зачуди,
ај, што е ова чкрипни, рипни.

Сваќо, мори, сваќо,
ај, што ми даде чудна снаа,
виде зеленик се зачуди,
ај, што е ова витка, тутка.

# 157. МАРИЧЕ, ДИЛБЕР БЕЛА МАРИЧЕ




Мариче, дилбер бела, Мариче,
што кротко ткаеш, моме, ем плачеш?

Нит ми е разбој, леле, расипан,
нит ми е брдо, леле, скршено.

Дал ти е разбој, моме, расипан,
ил ти е брдо, моме, скршено?

Тук ми е либе, леле, далеко,
далеко, в Стамбол, леле, ми града.

# 158. АЈДЕ ПУШКА ПУКНА В'ТЕТОВСКАТА МАЛА




Ајде пушка пукна,
в'Тетовската мала,
в'Тетовската мала, Јано,
Коњовата к'шта.

На чардок седеше,
чорапи плетеше,
чорапи плетеше, Јано,
слзи си ронеше.

Кољовата к'шта,
тешко је градена,
тешко је градена, Јано,
од Мануш војвода.

Дробни слзи рони,
дробни слзи рони,
и на Кољо дума,
ај бегај си Кољо.

Кољовата жена,
на чардок седеше,
на чардок седеше, Јано,
чорапи плетеше.

Ај, бегај си Кољо душо,
во гора зелена,
во гора зелена, душо,
Кишитена дружина.

# 159. ЈОРДАНКА МИ СЕ ЛУЛАШЕ




Јорданка ми се лулаше, аман, аман,
Јорданка ми се лулаше,
сред море на два канка. /2

Јорданке либе Јорданке, аман, аман,
Јорданке либе Јорданке,
канум ти се прогнили,
ќе паднеш, ќе се удаваш.

Од меѓа гледа лудото, аман, аман,
од меѓа гледа лудото,
и на Јорданка говори. /2

Ако јас паднам во вода, аман, аман,
либето ќе ме извади,
принего ќе ме однесе,
на гради ќе ме загрее.

# 160. СУМ СЕ РОДИЛ МЕРАКЛИЈА




Сум се родил мераклија,
мераклија баш бекрија,
сум се родил мераклија,
на виното, ем ракија. /2

Ко ќе умрам ил загинам,
во избата ставетеме,
со ракија излијтеме,
а со вино напијтеме. /2

Погреб да ми направите,
нека бувнат тапаните,
нека бувнат тапаните,
тапаните ем зурлите. /2

# 161. АЈДЕ ЖАЛАЈ МЕ, МАЛИНОЈ МОМЕ




Ајде жалај ме, Малиној моме,
плакај ме, оти јас ќе одам,
Малиној моме, мори комита.
Ај на таја гора, Малиној моме,
планина ој на понисксите,
Малиној моме, мори зборишта.

Ајде излези Малиној моме,
в'градина, ајде да набере,
Малиној китка мори трендафил.
Ајде да накитам, Малиној моме,
Делчев војвода ој неговата,
Малиној верна мори дружина.

# 162. СЛУЖИ МЕ САНО




Служи ме Сано, мори служи ме,
лута ракија, Сано негошка.
лута ракија Сано негошка,
шарени чаши, Сано воденски /2
црвено вино, Сано, вадрешка /2
бели канати, Сано, солунски.

# 163. ДЕЈ ГИДИ ЛУДИ МЛАДИ ГОДИНИ




Деј гиди луди млади години, /2
летнавте како сиви голаби. /2

Паднавте во мамини дворови, /2
скокнавте во мамини скутови. /2

Летнавте како сиви голаби, /2
паднавте во мамини дворови. /2

Барем се ерген мамо, на шетав, /2
и каре влашки мамо, невести. /2

# 164. НА ПАТ МИ ТРГНА ДЕЛЧЕВ МЛАД ВОЈВОДА




На пат ми тргна
Делчев млад војвода,
со неговата верна дружина.

Ај што му велат,
двојца јаничари:
Ај врвиш Делчев,
немаш снас работа.

На пат го сретнаа,
двојца јаничари,
што пасеја овци,
в'сиромашни ниви.

Ај наљутил се,
Делчев млад војвода,
ајде избијал си
двојца јаничари.

Ај што им вели,
Делчев млад војвода,
не пасете овци,
в'сиромашни ниви.

Па си забрал овци,
право во селото,
си разделил овци,
на сиромаси.

# 165. НАКАЧИЛ ДЕЛЧО ВОЈВОДА, ЛЕЛЕ




Накачил Делчо војвода, леле,
Во таја Коњув планина,
нарамил гунче през рамо, леле
врз гунчо пушка берданка.

Видов ги Делчо как да не, леле,
љута ракија пиеја,
љута ракија, пиеја, леле,
рудо си јагне печеа.

На пат ги сретнал овчарче, леле,
овчарче младо чобанче,
овчарче младо чобанче, леле,
дал сретна негде кумити.

За тебе Гоце зборваја, леле,
кој ние Гоце војвода,
кој ние Гоце војвода, леле,
дружина да си собере.

# 166. ЗАТВОРЕН ЃОРЃИ ВО БИТОЛА




Затворен Ѓорѓи во Битола, леле,
во Битола во темни зандани.
Оставил Ѓорѓи до две деца, леле,
до две деца, машки два близнака.

Ни ги зеде Ѓорѓи наште деца, леле,
љути аскер, Ѓорѓи јаничари,
јаничари Ѓорѓи, љути аскер, леле,
љути аскер, да ги потурчат.

Писмо испрати Јана негова, леле,
Јана негова, млада невеста.
Децата Ѓорѓи ни ги зедоа, леле,
ни ги зедоа, двата близнака.

Ќе ги носат Ѓорѓи во Цариград, леле,
во Цариград, Ѓорѓи да им слугуваат,
штом ќе дојдат Ѓорѓи во Битола, леле,
во Битола Ѓорѓги, зулум ќе прават.

# 167. ШТО МИ Е МИЛО МАМО, СЕЈМЕН ДА ШЕТАМ




што ми е мило мамо,
мило ем драго,
сејмен да шетам, мамо,
низ бузанова.
Па да го видам, мамо,
белото Маре,
белото Маре, мамо,
на цинциеви.

Па да го видам, мамо,
белото Маре,
доли ја носи, мамо,
белота ојка.
Што ја кроевме, мамо,
девет ергене,
од секој ерген, мамо,
по еден аршин.

Аршин по аршин, мамо,
девет аршина,
а Ѓоше не дал, мамо,
ниеден аршин,
Ѓоше го зеде, мамо,
белото Маре,
а јас да пукнам, мамо.

# 168. ЛИНА СЕДИ НА ПЕНЏЕРЕ




Лина седи на пенџере,
лудо младо крај неа. /2
Ах Лино, Лино......

Ајде Лино, ајде душо,
ние да се земиме. /2
Ах Лино, Лино....

Абре лудо, абре младо,
мама не ме дава.
Ах море лудо, лудо младо,
уште сум малечка.
Ах Лино, Лино....

Ајде Лино, ајде душо,
невеста да бидеш. /2
Ах Лино, Лино.....

# 169. СНОШТИ ГО ВИДОВ




Сношти го видов,
мамо мори,
убавото Стојне.
Стојне бре Стојне.....

Стојнините очи,
ле мамо црни черешови,
Стојнините веги,
ле мамо, морски пијавици.
Стојне бре Стојне....

Убавото Стојне,
ле мамо тампон чело има,
Стојниното лице,
ле мамо Солунско сироче.
Стојне бре Стојне.....

Стојнината снага,
ле мамо тешка топола,
Стојнинито грло,
ле мамо, лично огледало.
Стојне бре Стојне....

# 170. КИНИСА МОМЕ ЗА ВОДА




Киниса моме за вода /2
со двете стомни шарени /2
и два ибрика сребрени.
Киниса моме за вода,
со двете стомни шарени.

Загреши моме патишта /2
отиде горе в планина,
на Димовото бачило. /2

Сите овчари станаа, /3
и бедро млеко туриа,
Димо Келаја, не стана /2
и ведро млеко не тури.

Извикна Димо Келаја,
овчари млади чобани,
слезите долу в шамчник,
викните попа и кума,
момево да го венчаме.

Кога во црква одеше /2
крвава роса росеше, /2
кога од црква идеше,
ситни камења паѓаа.

# 171. КАЖИ РАЈНЕ




Кажи Рајне, кажи душо,
кој ти нишан стори, Рајне,
на белото лице.

Сношти беа стара мајко,
момци Македонци,
се на бели коњи мамо,
и со жулти узди.

Штом ме прашаш стара мајко,
право ќе ти кажам,
право ќе ти кажам, мајко,
тебе не те лажам.

Главатар им беше мајко,
мојто прво либе,
тој ми нишан стори мајко,
на белото лице.

# 172. ВО ВЛАШКОНО МААЛО




Во влашконо маало,
жолти куќи високи.
Ој Јанино, баш Јанино,
жолти куќи високи.

На пати ми седише,
момете не Илчови.
Ој Јанино, баш Јанино,
момето на Илчови.

На порти ми седеше,
и на гергев везеше.
Ој Јанино, баш Јанино,
и на гергев везеше.

# 173. КАЖИ, КАЖИ НЕШО ЧЕДО




Кажи, кажи Нешо чедо,
мајка не ја лажи,
мајка не ја лажи,
мајка не се лаже.

И мајкати била Нешо,
млада коно тебе,
млада коно тебе, Нешо,
на твоето време.

Кој ти тури, Нешо чедо,
дамка на челото,
дамка на челото, Нешо,
бемка на грлото.

Ак ме питаш стара мајко,
право ќе ти кажам,
право ќе ти кажам, мајко,
нема да те лажам.

Па ме сретна, мила мајко,
агино биварче,
агино биварче, мамо,
агино чукарче.

Сношти појдов мила мамо,
на шарена чешма,
на шарена чешма, мајко,
на вода студена.

Оно ме убоде, мајко,
меѓу црни очи,
меѓу црни очи, мајко,
меѓу гајтан веѓи.

# 174. ПИЛЕТО МИ ПЕЕ, НА ПАТ ЌЕ ОДАМ




Пилето ми пее, на пат ќе одам,
на пат ќе одам, туѓа туѓина,
туѓа туѓина, града Стамбола,
града Стамбола, пуста јабана.

Дали ќе ме молиш, ти млада младинко,
дали ќе ме милваш, како јас тебе.
Таму ќе седам до три години,
и ќе спечалам до три иљади.

Првата иљада куќа ќе направам,
другата иљада руба ќе ти правам,
трета иљада, свадба ќе направам,
свадба ќе направам, тебе ќе земам.

# 175. ТРИ ПАТИ ПОМИНАВ




Три пати поминав,
три пати поминав, мило либе,
крај вашите порти,
тебе не те видов, мило либе,
на порти да стоиш.

На порти да стоиш,
мене да ме чекаш,
мене да ме чекаш, мило либе,
дуќан да затворам, мило либе,
чаршија да одам.

Чаршија да одам,
прстен да си купам,
прстен да си купам, мило либе,
тебе да те земам,
тебе да те земам, мило либе,
невеста да ми бидеш.

# 176. СТАР БЕЛ ДЕДО, ОВЦИ ПАСЕ




Стар бел дедо, овци пасе,
горе на Пирина,
стадото му кротко пасе,
трева детелина.

Стар дедо с кавал свири,
свири и нарежда,
де е Гоце, де е Јане,
нашите другари.

Де е Гоце, де е Јане,
нашиот цар Пирински,
знамето ни да развеат,
на Македонија.

# 177. МИ ТОВАРИЛ ДОНЧО ТРИ ТОВАРА ОРИЗ




Ми товарил, Дончо, три товара ориз,
Леле, леле, Дончо, дончо мачна душа,
Леле, леле, Дончо, Дончо Штипјанчето.

Па ми пошол, Дончо, за пуста Битола,
Леле, леле, Дончо.......

Го туриле, Дончо, во темни зандани,
Во темни зандани, во тесни долапи.

Во оризот турил седум, осум бомби,
Леле, леле, Дончо........

На пат го сретнале, Турци караулци,
Леле, леле, Дончо.........

На нози му Дончо, тешки бугакии,
на раци му Дончо, тие лути спиици.
На глава му Дончо, уговорени вршник.

# 178. АЈДЕ БОЛНО ЛЕЖИ МОЈТО ЛИБЕ




Ајде болно лежи мојто либе, /2
болно лежи на постела,
болно лежи мојто либе,
болно лежи на постела. /2

Ајде стани либе, стани душо,
ќе одиме во Битола,
ќе одиме во Битола,
ќе пиеме пресна бира. /2

Ајде ни умира, ни станува,
ни на бога душа дава,
ни на мене прозборува,
за да љубам друго либе. /2

Ајде ќе пиеме пресна бира,
на музика ќе ни свират,
на музика ќе ни свират,
ние двојца ќе играме.

# 179. СЕДУМДЕСЕТ СЕЛА ШЕТАВ




Седумдесет села шетав,
седумдесет моми љубев,
седумдесет китки носев.
Сите китки во цебои,
твоја китка во пазува.
Сите китки повенале,
само една останала.

За сите си жалба немам,
се за таа лична Стојна:
кога оди, ветер вее,
кога стои, сонце грее,
кога збори, бисер рони.
Ој ти Стојно, бела Стојно,
бело цвеќе и црвено!

# 180. МАЛОЈ МОМЕ ЗЕЛЕН БОР САДИЛО




Малој моме, зелен бор садило, /2
ем садило, бога си молило. /2

Дај ми боже, зелен бор да расте, /2
да расфрли гранки на видело,
да се качам горе на гранките.

Да го видам, мојто прво либе,
дали спие или вино пие,
ако пие бог да го убие,
ако спие лека ноќ да му е.

# 181. ПЕТЛИТЕ ПЕЈАТ, ЗОРА СЕ ЗОРИ




Петлите пејат, зора се зори, /2
пушти ме бела Митро да станам,
пушти ме јагне Митро да одам.
Нашите петли од вечер пејат, /2
поспиј си лудо младо, полегни,
пољуби бело лице Митрино.

Четири чукат дрвари одат, /2
пуштиме бела Митро да станам,
пуштиме јагне Митро да одам.
Нашите дрвари од вечер одат, /2
поспијем лудо младо, полегни,
погали рамна снага Митрина.

# 182. ВИНО ПИЈАМ, ЕМ РАКИЈА




Вино пијам, ем ракија, /2
коња јавам аџамија. /2

Коњ ме шета горе доле, /2
горе доле низ това поле. /2

Ме однесе в ладна меана, /2
во меана до три моми. /2

Прва точи, другата носи, /2
а третата мене ме гледа. /2

Па ја качив на коњчето, /2
ја однесов право дома. /2

# 183. КАДЕ СЕ ЧУЛО, ВИДЕЛО




Каде се чуло, видело,
мома зандани џанам да лежи. /2

Никој од рода немаше,
од рода беше само мајками. /2

Викна си мајка провикна,
ќерко ле мила моја, ќерко ле. /2

Руси ти коси паднале,
бело ти лице џанам потемнело. /2

# 184. РАЗГРАНИ ГРАНКА МАСЛИНКА




Разграни гранка маслинка,
хај, хај, хај, хај,
разграни гранка маслинка.
И под маслинка девојче,
хај, хај, хај, хај,
и под маслинка девојче.

Четврта година тој дојде,
хај, хај, хај, хај,
четврта година тој дојде.
И на девојче зборува,
хај, хај, хај, хај,
и на девојче зборува.

Над гранка вели, говори,
хај, хај, хај, хај,
над гранка вели, говори.
Три години сум го чекала,
хај, хај, хај, хај,
три години сум го чекала.

Момице моме момице,
хај, хај, хај, хај,
момице моме момице.
Доста си мома одила,
хај, хај, хај, хај,
доста си мома одила.

# 185. ИЗЛЕГОЛ ДЕЛЧЕВ ВОЈВОДА




Излегол Делчев војвода,
по таја Кожув планина,
нарамил пушка берданка
и редум, редум куршуми.

На пат ми сретнал овчарче,
па ми го тихо запраша:
Дал виде силна дружина,
дружина млади Комити?

Дејгиди Делчев војвода,
видов ги, па и погледав,
под една бука седеа,
тенки си пушки бришеа,
дробни патрони броеја,
и тебе ми те чекаа.

# 186. ЗАЧУКАЛЕ ТАПАНИТЕ




Зачукале, зачукале тапаните, /2
се собрале, се собрале сватовите.
Румба, румба, румба ......

Ми дотече, ми дотече силен Вардар, /2
ми однесе, ми однесе, невестата.
Румба, румба, румба......

Ќе ми одат, ќе ми одат по невеста, /2
по невеста, по невеста, преку Вардар.
Румба, румба, румба......

Зетот плаче, зетат плаче по невеста, /2
а сватови, а сватови со дарови.
Румба, румба, румба......

# 187. КАДЕ СЕ ЧУЛО ВИДЕЛО МОМА ВОЈВОДА ДА БИДЕ




Каде су чуло видело,
мома војвода да биде,
на триста души комити?

Мома на дружина говори:
Спремај те пинци, ремења,
ај на пушките кремења.

Кој ќе ми нишан погоди,
тој ќе ни биде војвода,
на триста души комити.

Утре ќе ојме в планина,
на широката падина,
таму ќе нишан правиме.

Редум комити фрлаа,
никој ми нишан не удри,
момето фрли, погоди.

# 188. МИ СЕ ГРАДИТ ЕДНА БАЊА




Ми се градит една бања,
со девет ќошина,
оздола мермер,
озгора чардак,
во среде одаја.

Во одајче лично моме,
ко црвен трендафил,
ај фрли камен,
моме лично,
во среде одајче.

Ај турни чунче,
моме лично,
во среде езеро,
мезе си имам,
носи бре вино,
да се напиеме.

# 189. ОЈ ТИ ДЕДО ГЕРО




Ој ти дедо Геро, што е ова врева,
што е ова врева во село Љубојно,
аааа во село Љубојно. /2

Во село Љубојно горната меана, /2
аааа горната меана. /2

Бура Ристо, бура, бура не плаши се, /2
аааа бура, неплаши се. /2

И ние сме Ристо, пилиња по поле,
а јаг'нца блеат, по мајки си одат,
аааа по мајки си одат. /2

# 190. МОРИ МОМЕ МАГДЕ




Мори моме Магде, изгорев за тебе,
заврти се мила Магде, ај заљуби мене,
се заради тебе Магде, изгубив цел век.

Црни очи имаш, дајми ги на мене,
заврти се мила Магде, ај заљуби мене,
се заради тебе Магде, изгубив цел век.

Руса коса имаш свети како флорин,
заврти се мила Магде, ај заљуби мене,
се заради тебе Магде, изгубив цел век.

Рамна снага имаш, како мрена риба,
заврти се мила Магде, ај заљуби мене,
се заради тебе Магде, изгубив цел век.

# 191. НЕШТО ЌЕ ТЕ ПРАШАМ БАБО




Нешто ќе те питам, бабо,
право да ми кажеш,
право да ми кажеш, бабо,
без да ме излажеш.

Кат ме питаш, аго море,
право ќе ти кажа,
право ќе ти кажа, аго,
без да те излажа.

Кој војводи беа, бабо,
у вас на вечера?
Дали беше Даме Груев,
ели Гоце Делчев?

Дома вечераја, аго,
и си заминаја,
и си заминаја, аго,
за Пирин Планина.

# 192. ШТО МИ Е МИЛО ЕМ ДРАГО НА КОЈНИК ДУЌАН ДА ИМАМ




Што ми е мило ем драго оф аман,
што ми е мило ем драго,
на Којник дуќан да имам, аман, аман,
на ~~Матевото дуканче~~. Којнички моми да гледам

Да гледам моми Којнички, оф аман,
да гледам моми Којнички,
Којнички ем бузанчанки, аман, аман,
Којнички ем бузанчанки.

Кога ми одат на афион, оф аман,
кога ми одат на афион.
У Петрета зик тончето, аман, аман,
у Јована на Спасеви.

На Петрета аргатите, оф аман,
сите моми и невести,
на Јована аргатите, аман, аман,
сите стари баби без заби.

# 193. ДАФИНО ВИНО ЦРВЕНО




Дафино вино црвено,
момчето ти е заспало,
на кара камен планина,
на сува рида без вода.

В меана му го продале,
за бела лута ракија, /2
и рујно вино црвено.

Ми поминале ајдуци,
гунчето му го украле,
на арно му го продале,
во една ладна меана.

Ако му го зеле гунчето,
нека ми е живо момчето, /2
друго ќе гунче најдеме.

# 194. ИЛИНО МОМЕ УБАВО




Илино моме убаво,
слушај што вели Ѓорѓија.
Козите ќе ги продадам
Илино мома да земам.

Илина вели, говори:
Ѓорѓија млади делија,
колку ти чини трлото,
толку ми чини грлото.

Илина вели, говори:
Ѓорѓија млади делија,
колку ми чинат козите,
толку ми чинат косите.

Илино моме убаво,
слушај што вели Ѓорѓија:
Чифликот ќе си продадам,
Илино моме да земам.

Илино моме убаво,
слушај што вели Ѓорѓија,
трлото ќе го продадам,
Илино моме да земам.

Илина вели говори:
Ѓорѓија млади делија,
колку ти чини чифликот,
толку ти чини момето.

# 195. ГОРО ЛЕ ГОРО ЗЕЛЕНА




Горо ле, горо голема, имаш ли шума зелена,
имаш ли трева зелена, да си напасам стадото?
Хеј, хеј, да си напасам стадото.

Имаш ли камче метерис, имаш ли долче
Имаш ли ритче пусија, имаш ли место за борба?
Хеј, хеј, имаш ли место за борба.

Имаш ли вода студена, да си напојам стадото?
Имаш ли сенка дебела, да си пландува стадото?
Хеј хеј, да си пландува стадото.

Секое камче метерис, секое долче скривалче,
секое ритче пусија, секое рамниште за борба.
Хеј, хеј, секое рамниште за борба.

# 196. РАНИЛО МОМЕ РАНО ЗА ВОДА




Ранило моме рано за вода, /2
аман, аман, аман, рано за вода.

Бре овде онде моме не најде, /2
мана, аман, аман, моме не најде.

Ранило лудо уште порано, /2
аман, аман, аман, уште порано.

Тука го најде на бела чешма,
кај вода мие лице си мие,
аман, аман, аман, лице си мие.

# 197. СНОШТИ МИНАВ МИЛА МАМО




Сношти минав, мила мамо,
низ Кожув планина,
оф леле, мила мамо,
низ Кожув планина.

Там го најдов, мила мамо,
млад Гоце Делчев,
оф леле, мила мамо,
млад Гоце Делчев.

И со него, мила мамо,
се млади комити,
оф леле, мила мамо,
се млади комити.

И мене ми, велат мамо,
кинисувај со нас,
оф леле, мила мамо,
комита да бидам.

Комита да бидам, мамо,
с'душман да се бијам,
оф леле, мила мамо,
за Македонија.

# 198. ВЧЕРА МИ ПИСМО ПРИСТИГНА




Вчера ми писмо пристигна, леле,
од мојто либе далеку, /2
Тој ојде пуста туѓина,
во туѓа земја далечна. /2

Јас ќе му пишам нека знае,
ич да не мисли, ич да не мисли,
тој на мене нека заборави.
Јас друго либе зањубив,
лика прилика за мене. /2

Цвеќе мириса дури е росно,
не овенато моме се љуби,
дури е младо лично и убаво.
Немам си верба во него,
за тоа друго зањубив. /2

# 199. ИЗВОР ВОДА, ЛЕЛЕ, ИЗВИРАШЕ




Извор вода, леле, извираше,
малој моме, леле, налеваше,
над вода, леле, огледваше
и на вода, леле, говореше:
- Ој ти водо, леле, студна водо,
шчо су бела, леле, ем црвена,
малце да су, леле, покалеша,
покалеша, леле, црно јоко, /2
црно јоко, леле, гајтан веѓи;

ќе ј'изгора, леле, ергените,
ергените, леле, женетите
ќе с'јостават, леле, невестите
со се нивни, леле, машки деца;
најповеќе, леле, стари старци,
стари старци, леле, белобратци,
ќе обричат, леле, бели бради,
ќе јостават, леле, стари баби.

# 200. АЈДЕ РАЗБОЛЕ СЕ МОЈТО ЛИБЕ




Ајде разболе се мојто либе,
во туѓа земја.
Ајде нема рода да го види
оти ќе јумре.

Ајде прати писмо, мила мамо,
јазе да одам.
Ајде јаз да идам, мила мајко,
да го видам.

Ајде да го видам, мила мајко,
па да си умре.
Ајде немој ќерко, немој душо,
многу е далеку.

Ајде немој ќерко, немој душо,
ние сме сиромаси.
Ајде ќе продадам, мила мамо,
ковани ѓердан.

Ајде јаз ќе идам, мила мајко,
да го видам.
Ајде да го видам, мила мајко,
со него да јумрам.

# 201. НЕ СЕ БЕЛИ МАРЕ МОРИ




Не се бели Маре мори, не се црни, /2
не се толку Маре, дотерубај. /2

Во кого си Маре мори, погледнала, /2
секому си Маре, болест дала. /2

Ми се смеат Маре мори, комшиите, /2
другарите Маре, еснафите. /2

Кому два дни Маре мори, кому три дни, /2
а на мене Маре мори, три години. /2

Ме направи Маре мори, суво дрво, /2
суво дрво Маре, јаворово. /2

# 202. ТАТУНЧО СТРАШЕН ВОЈВОДА




Татунчо страшен војвода,
дошол при мајка на гости,
зеде го мајка, прегрна,
зарони солзи, заплака,
тихо вели, говори:
Послушај сине мајка си:

Остави пушка берданка,
и таа сабја змиица,
купи си зевгар волови,
изорај таткови чифлици,
насеј ги бела пченица,
да раниш татко и мајка.

Татунчо мајка послуша,
зеде си рало волови,
сретнале ми го јуруци,
младо ораче прашуват:
Каде е Тунчо војвода,
душата да му ја земеме?

Татунчо страшен вовјода,
бргу кај мајка дотрча,
на мајка вели, говори:
Проштевај мајко проштевај,
војвода орач не бива,
војвода мајка не рани.

# 203. ЛИЛЈАНО МОМЕ УБАВО




Лилјано моме убаво,
Лилјано една на мајка,
уште ли мома ќе одиш,
уште ли светот ќе гориш?

Лилјано моме убаво,
Лилјано пиле шарено,
жена и деца оставам,
тебе Лилјано да земам.

Немој Лилјано, не чини,
не оставај рана на срце,
цел век јас ќе ти слугувам,
тебе Лилјано да земам.

# 204. БЛАГУЊО ДЕЈЧЕ ПОЖАРАНЧЕ




Благуњо дејче, мори Пожаранче,
отвори ми џанам пенџер,
сакам да те видам ја.

Благуњо дејче, мори Пожаранче,
ќе продадам браза коња,
само да те земам јас.

Деј гиди Аце, море аџамија,
што да отварам џанам пенџер,
кога не те сакам јас.

Деј гиди Аце, мори аџамија,
на продавај брза коња,
тебе не те сакам јас.

# 205. МИЛА МАЈКО ШТО МЕ РОДИ ТОЛКУ СИРОМАВ




Мила мајко, што ме роди толку сиромав,
сиромав, сиромав пусти останав.

Куќа имам, жена немам, леле сиромав,
сиромав, сиромав пусти останав.

Ќесе имам, пари немам, леле сиромав,
сиромав, сиромав пусти останав.

Кревет имам, душек немам, леле сиромав,
сиромав, сиромав пусти останав.

# 206. ТРГНАЛО МИ ЛУДО МЛАДО




Тргнало ми лудо младо,
на Солунските пазари.
И немаме претовари,
рачај, поручувај.

Рачај порачувај, моме,
што да ти донесам,
срмено елече моме,
или герданче.

Купи лудо, купи младо,
што ти срце сака,
што ти срце сака, лудо,
што го нема тука.

# 207. ОЖЕНИ СЕ ЗАРОБИ СЕ




Ожени се, зароби се,
зедо жена болничава,
за јадење подјадуе, деј деј, туго ле бреј,
за работу ич гу нема, деј деј, туго ле бреј.

Принесо гу цел погачу,
принесо гу цел кокошку,
принесо гу карту винце, деј деј, туго ле бреј,
од погачу ни трошчице, деј деј, туго ле бреј.

Од кокошку ни кошчице,
а од винце ни капчице.
Па си зеде едно дрво, деј деј, туго ле бреј,
Десет удри едно брои, деј деј, туго ле бреј.

# 208. КОЊА ВОДА АНЃО ДА НАПОЈА




Коња вода Анѓо, коња вода,
Анѓелино моме да напоја,
пусто туго моја да напоја.

Коњ ми тропна, Анѓе коњ ми тропна,
Анѓелино моме, десна нога,
пуста таго моја, десна нога.

Се огледов Анѓе, се бендисав,
Анѓелино моме се бендисав,
пуста таго моја се бендисав.

Коњ ми вода Анѓо, коњ ми вода,
Анѓелино моме не пиеше,
пуста таго моја не пиеше.

Ми откапа Анѓе, мрамор плоча,
под плочата Анѓе огледало,
пуста таго моја огледало.

Ушче да бев Анѓе црно око,
ко го земев Анѓе најубавно,
пуста таго моја под селоно.

# 209. СЕДЕНКА СЕ ЗБИРА




Седенка се збира, мама не ме пушта,
мама не ме пушта на седенка д'идам,
на седенка д'идам, с'либе да се видам.

Мама, тате велат, ај да вечераме,
ај, да вечераме, па да си легниме.

На седенка да идам, с'либе да се видам,
с'либе да се видам оти војник ќ'оди.

С'либе да се видам, оти војник ќе оди,
оти војник ќе оди, време три години,
време три години и шест месеци.

Сите заспаа, мене сон не фаќа,
мене сон не фаќа на седенка да идам.

Излегов на порти, слушам жални песни,
слушам жални песни, песни за разделба.

# 210. ОЈ ЗЕЛЕНО ЗЕЛЕНИЛО




Ој зелено зеленило,
што си толку овенало.

Да ли те слана јосланила,
да ли те роса јоросила.

Нит ме слана јосланила,
нит ме роса јоросила.

Туку ме мајка армасала,
за едно момче не што сакам.

# 211. ЗАСПАЛО ДЕВОЈЧЕ




Заспало девојче ле,
близу до беќарче леле,
на брег, на каменче.

Беќарче го гледа ле,
па го тихо буди леле.

Ја стани девојче ле,
да се наджнееме, леле.

Да се наджнееме ле,
да се натрчиме леле.

Кој прв ќе наттрчи ле,
тебе да те земе леле.

# 212. ДЕЈ ГИДИ СТОЈНЕ УБАВА




Деј гиди Стојне убава,
дал беше сношти на вода,
на погорното кладенче,
на погорното изворче.
Каде врвеше грееше,
како палена борина,
како јасна месечина. /2

Отидов уште погоре,
там најдов грутка снегова,
на грутка велам говорам. /2
Топи се грутка снегова,
како се топи млад јунак,
како крајчин Стојна убава.

# 213. РАСПУКАЛА ШАР ПЛАНИНА




Распукала, распукала Шар планина, ајде,
распукала, распукала Шар планина.
Ми поклопи, ми поклопи три овчара, ајде
ми поклопи, ми поклопи три овчара.

Втори овчар, втори овчар и се моли, ајде,
пушти мене, пушти мене Шар планино.
Имам сестра, имам сестра што ме жали, ајде,
имам сестра што ме жали.

Први овчар, први овчар и се моли, ајде,
пушти мене, пушти мене Шар планино.
Имам жена, имам жена што ме жали, ајде
имам жена, имам жена што ме жали.

Трети овчар, трети овчар и се моли, ајде
пушти мене, пушти мене Шар планино.
Имам мајка, имам мајка што ме жали, ајде
имам мајка што ме жали.

Жена жали, жена жали, ден до пладне, ајде
сестра жали, сестра жали дур'е дома.
Мајка жали, мајка жали дур' до гроба, ајде
мајка жали, мајка жали дур' до гроба.

# 214. ДОТЕКЛА ВОДА СТУДЕНА




Дотекла вода студена,
леле оф аман,
роди се Јана убава,
леле оф аман,
роди се Јана убава.

Кога се Јана родила,
леле оф аман,
мајка и маѓија сторила,
леле оф аман,
живо пиле в'огин фрлила.

Како што се врти пилето,
леле оф аман,
Така да се вртат ергени,
леле оф аман,
по нашта Јана убава.

# 215. РЕШИЛ ЧИЧО ДА СЕ ЖЕНИ




Решил чичо да се жени,
сиромав, сиромав,
врвци има, чевли нема,
сиромав, сиромав.
Сето село киндисало,
сиромав, сиромав,
а момата абер нема,
сиромав, сиромав.

Јас сум беќар мераклија,
моми бре, моми бре.
Срце имам севдалија,
моми бре, моми бре.
Јас сум беќар мераклија,
моми бре, моми бре.
Мустак имам гајтанлија,
моми бре, моми бре.

Куќа имам чардаклија,
моми бре, моми бре,
чардак имам скали немам,
моми бре, моми бре.
Ќесе имам, пари немам,
моми бре, моми бре,
барем пусти мерак имам,
моми бре, моми бре.

# 216. ПАРАХОДОТ МИ ПРИСТИГНА




Параходот ми пристигна,
збогум мило либе, јас отидов,
не плачи мило либе, не жали,
јас пак ќе се вратам.

Очите ти насолзени,
устето ти расплакано,
не плачи мило либе, не жали,
јас пак ќе се вратам.

Ја земи си шамивчето,
избриши си дробни солзи,
не плачи мило либе, не жали,
јас пак ќе се вратам.

# 217. МАЈКА РОДИ МАШКО ЧЕДО




Мајка роди машко чедо, па го крсти Гоце,
силен да е, умен да е, учен да е,
учен да ми станеш сине, јунак ти да бидеш.

Учен да ми станеш сине, јунак ти да бидеш,
пушка да си земеш сине, а и остра сабја,
на Пирин да одиш, с'Турци да се биеш.

На Пирин да одиш сине, с'Турци да се биеш,
бајрак да развиеш сине, за наша слобода,
за наша слобода сине, Македонија.

# 218. БОРЈАНО, БОРЈАНКЕ




Борјано, Борјанке, сал ти ли си мома,
сал ти ли си мома, сал ти ли знаеш да пееш.

Гласот ти се слуша, дур' до наша нива,
дур' до наша нива, меѓу двата рида.

Српот си оставам, тебе да те слушам,
какви песни пееш, какви редби редиш.

На арните момци, лошите моми,
на лошите моми, арните момчиња,
на мен' се годило едно старо аро.

# 219. ЕЛЕНКО МОМЕ МОРИ УБАВО




Еленко моме мори убава,
зошто солзи рониш, моме, ем плачеш?

Немој бре лудо, не ме јадосуј
и на срце рана не ми задавај.

Дал' мајка жалиш, моме ил' татко,
или твојте браќа, сестро, комити?

Нит' мајка жалам, лудо нит' татка,
тук' ги жалам мојте браќа комити.

# 220. МИ ТОВАРИЛ КАЛЕШ ДОНЧО




Ми товарил калеш Дончо,
три товари ориз,
па си тргнал калеш Дончо,
за пуста Битола.
Леле, леле.....

Го фрлија калеш Дончо
во темни зандани,
го мачија пусти Турци
во тесни долапи.
Леле, леле......

На пат го сретнале Дончо,
турски караколи,
му најдоа пусти Турци
бомби и патрони.
Леле, леле......

Аферим бре калеш Дончо
никој не издаде. /2
Леле, леле.....

# 221. БИТОЛСКИТЕ БЕГОВИ




Битолските бегови на кафене седеа, /2
црно кафе пиеја и газети читаа. /2

Тргнала Димковица да го бара Димко, /2
Помина пред кафене, беговите ја прашаа: /2

Црно кафе пиеја и газети читаа, /2
политика бистреа и за жени говореа. /2

А мори Димковице, каде ти е Димко? /2
Јас го барам него, тој ме бара мене. /2

# 222. В СЕЛО СЕ ЧЕШМА ГРАДЕШЕ




В село се чешма градеше, /2
Лиу, лиу, лиу.....

На крај село до јаворот, /2
Лиу, лиу, лиу.....

Кољо и беше мајсторот. /2
Лиу, лиу, лиу.....

Кољо и тури чепурот, /2
Лиу, лиу, лиу.....

# 223. ДРЕМКА МИ СЕ ДРЕМЕ




Дремка ми се, дреме мила мамо,
на црниве очи.
Ај дремка ми се, дреме мила мамо,
на црниве очи.

Ако ти се дреме мили сину,
вечерај па легни.
Ај ако ти се дреме мили сину,
вечерај па легни.

И да легнам мила ле мамо,
сон не ми доваѓа,
aј сон не ми доваѓа мила мамо,
за мојто комшијче.

Иди ја посакај мила мамо,
дал ќе ти ја дадат,
aј иди ја посакај мила мамо,
дал ќе ти ја дадат.

Ако ти ја дадат мила мамо,
на пајтон ја качи,
aј ако ти ја дадат мила мамо,
постој погледај ја.

# 224. КАЉО, КАЛИНО ДЕВОЈКО




Каљо, Калино девојко,
виши, виши црни очи,
извиши ги на високо,
на високо на широко.

Каде Турци кафе пијат,
Арнаути баш ракија,
Арнаути баш ракија
а ергени рујно вино.

Едно лудо, лудо младо,
ниту јаде, ниту пие,
ниту јаде, ниту пие,
само Каља погледнува.

Често Каља погледнува,
со око и намигува,
со око и намигува,
со рака и замавнува.

Ајде Каљо да бегаме,
наше село, арно село,
од три страни сонце грее,
од четврта месечина.

# 225. АЈДЕ ПУШКА ПУКНА




Ајде пушка пукна
во чикма одаја,
ајде го удари
најдобриот јунак,
ајде го удари
Лазо Асијата.

Ајде викна писна
Лазо Асијата:
Ајде немам мајка
рани да испере,
ајде немам сестри
рани да преврзат.

Ајде јас си имам
до два остри браќа,
они ќе си вратат
братова крвнина.

# 226. КАДЕ СИ ТРГНАЛА КИТО




Каде си тргнала Кито,
боса на жетва Китоле,
првин мераку Китоле,
права изгоро.

Со срп на рамо Кито,
дете на раце.
Кито ле првин мераку,
Киро ле прва изгоро.

Боса на жетва Кито,
со срп на рамо,
Кито ле првин мераку,
Кито ле прва изгоро.

Остави си српот Кито,
дојди при мене,
Кито ле првин мераку,
Кито ле прва изгоро.

# 227. ЛЕЛЕ ЈАНО




Леле Јано, леле мила ќерко,
а што седиш цел ден на ѓерѓефот,
а што везеш ќерко македонско знаме,
а што везеш ќерко знаме за слобода.

А што везеш македонско знаме,
ком ќе даваш македонско знаме?
На знамето пише смрт или слобода,
смрт или слобода за Македонија.

Ќе го давам на Питу војвода
и негова херојска дружина.
Да се вее мајко, во наше Крушево,
да се вее мајко, македонско знаме.

# 228. МОРЕ ШЕФТЕЛИ МОМЕ




Море Шефтели моме,
блага јаболко, блага јаболко,
море пазам те пазам
да те дограбам темни темници.

Море не ќе ме грабнеш,
што ќе ми чиниш, што ќе ми правиш,
море не сум јаболко,
да ме расечеш, да ме изедеш.

Море пазам те пазам
да те дограбам темни темници,
море темни темници
тесни сокаци, тесни сокаци.

Море не сум јаболко,
да ме расечеш, да ме изедеш,
море не сум бел симит,
да ме раскршиш, да ме раздадеш.

# 229. ОЖЕНИ МЕ МАМО




Ожени ме мамо, женен да бидам,
пуста беќарштина, веќе не се трпи.
Оф леле, леле.....

Моли Бога сину, роса да зароси,
роса да зароси, Вардар да дотече.
Оф леле, леле......

Не те женам сину, оваја година,
оваја година голема скапија.
Оф леле, леле.......

Вардар да дотече, моми да довлече,
моми да довлече, моми велешанки.
Оф леле, леле......

# 230. БЕГАЛА МАРА БЕГАЛА




Бегала Мара бегала,
од таја лута море свекрва,
остави Мара остави,
машкото дете Мара у лулка.

Стојане, џанам, Стојане,
дали е жива Стојан мајкати,
и машко дете у лулка.

Седела Мара седела,
до девет, десет години,
киниса Мара да иде,
потера Мара море стадото,
да види Мара море селото.

Кога е Мара бегала,
тогај се мајка море умрела,
и машко дете море у лулка.

# 231. УМРЕА БАТКОЃОРЃИЈА




Умреа батко Ѓорѓија, мори бабо,
за едну чашку ракија.
Не ја умреа од болест, мори бабо,
тук е умреа од лудост.

Се што видеа у село мори бабо,
се сака да је његово.
Он видеа кокошку мори бабо,
па сака де је његова.

Он је видеа волови мори бабо,
па сака да су његови.
Он је видеа невесту мори бабо,
па сака да је његова.

# 232. СНОШТИ СИ МИНАВ ПОМИНАВ




Сношти си минав поминав,
на среде Велес заминав.
Најдов си аман ергенче, ајде,
за мене, аман, беќарче.

Ако падне на рака,
за да пофатам за јака,
човек ќе да игра в тепсија, аман,
на прсти како делија.

# 233. САНОЌ СЕДАМ ТРЕНО




Саноќ седам Трено,
саноќ мислам,
сите песни Трено, испејувам,
сите свирки исвирувам,
сите свирки исвирувам,
тамбурата Трено искршувам.

Саноќ седам Трено,
саноќ молам,
сите моми Трено, ги смислувам,
сите моми ги смислувам,
само тебе Трено, те сонувам.

Кога тебе Трено, те сонувам,
чаша солзи Трено, наполновам,
бела риза натопувам,
на гради ја Трено, исушувам.

# 234. ИЗВИКНАЛ СТОЈАН ПРОВИКНАЛ




Извикал Стојан провикал,
низ високите планини.

Јас ќе се сторам партизан,
во планините ќе шетам.

Дочујме мајко дочујме,
јас ќе се сторам партизан.

Во планините ќе шетам,
верна дружина ќе водам.

# 235. ГЕНА МАЈКА ЈА ЧЕШЛАШЕ




Гена мајка ја чешлаше, леле,
ја чешлаше, ја колнеше:
Капнала ти руса коса,
ми здодеа чешлаеќи.

Се налути лична Гена, леле,
па отиде кај берберот:
Ој бербере, млад Умере,
јаземи си бричеите.

Ми здодеа чешлаеќи, леле,
чешлаеќи, плетејќи,
редеејќум ситна леса,
сто здолници, сто згорници.

Да избричиш руса коса, леле,
мајка и се здодеали
чешлаеќи, плетееќум,
редеејќум ситна леса.

# 236. НЕДО ЛЕ АРНО ДЕВОЈЧЕ




Недо ле арна девојче,
што многу сношти седевте,
три пати дрва цепевте,
пет пати вино точевте.

Еј море лудо, ем младо,
дилми ме питаш, ќе кажам,
сношти си дојдов од Стамбол,
дебела книга донесов.

Од стари баби пишана,
од млади невести кажана,
мома и момче што се сакат,
грев било да се неземат.